**УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“, СКОПЈЕ**
**Филозофски факултет**
**Постдипломски студии**
**Студиска програма: Меѓународни односи: разрешување на конфликти, дипломатија и човекови права**

# УЛОГАТА НА РЕЛИГИЈАТА ВО МИР И КОНФЛИКТ ВО РЕГИОНОТ НА ЗАПАДЕН БАЛКАН

- магистерски труд -

Студент:
Петар Гегоски
Број на индекс: 5043/16

Ментор:
проф. д-р Зоран Матевски

Скопје, 2025

**БЛАГОДАРНОСТ**

Во оваа прилика ја изразувам својата благодарност на сите што ми овозможија да го завршам овој дел од моето школување.

Пред сите останати, изразувам благодарност на Филозофскиот факултет, кој позитивно одговори на моите пријави на втор циклус студии и ми даде можност да бидам дел од академскиот живот на Филозофскиот факултет.

Искрена благодарност должам на моите драги професорки и професори на втор циклус студии, а особено во делот за пријавување и одобрување на магистерските тези.

Искрена благодарност до мојот ментор проф. д-р Зоран Матевски, кој покажа трпение и внимателно ме водеше низ овој академски степен. Моја длабока почит и топла благодарност до членовите на комисијата проф. д-р Лидија Георгиева и проф. д-р Рина Киркова - Танеска за коментарите и сугестиите.

Изразувам искрена благодарност до моето семејство, фамилијата и моите пријатели кои ме охрабруваа, помагаа и внимателно го следеа моето школување.

На сите нив од сè срце им се заблагодарувам.

## АПСТРАКТ

Основна цел на овој магистерски труд е обработување прашања што се однесуваат на религијата како фактор во градењето мир во современата констелација на меѓународните односи. Предметот на магистерскиот труд е да се разгледаат споменатите релации: религија – конфликт и религија – мир во поширок социоекономски контекст и историски, како и низ призмата на меѓународните односи, без амбиции да се истражува насилството, насилното однесување во рамките на еден вредносен систем. Основна претпоставка која се користи во овој труд е дека концептот, актерите и аргументите ќе имаат влијание на позиционирање на улогата на религијата во услови на мир или во услови на војна или конфликт. Магистерскиот труд е разработен на теоретско ниво, а квалитативниот и интерпретативниот методолошки пристап е применет при анализите на студии на случај во Босна и Херцеговина и во Северна Македонија.

# С О Д Р Ж И Н А

| | | Стр. |
|---|---|---|
| | АПСТРАКТ | 3 |
| | СОДРЖИНА | 4 |
| | КОРИСТЕНИ КРАТЕНКИ | 6 |
| **1.** | **ВОВЕД** | 7 |
| | **1.1. Вовед во проблемот** | 7 |
| | **1.2. Цели и задачи** | 11 |
| **2.** | **ПРЕДМЕТНО ОПРЕДЕЛУВАЊЕ И МЕТОДОЛОШКИ НАСОКИ** | 13 |
| | **2.1. Дефинирање на предметот на истражување** | 13 |
| | *2.1.1. Теоретско определување на предметот на истражување* | 14 |
| | *2.1.2.Операционално определување на предметот на истражување* | 20 |
| | **2.2. Хипотетска рамка** | 20 |
| | **2.3. Методолошки пристап** | 21 |
| **3.** | **УЛОГАТА НА РЕЛИГИЈАТА ВО МЕЃУНАРОДНИТЕ ОДНОСИ** | 23 |
| | **3.1. Општ социорелигиски пристап** | 23 |
| | **3.2. Религијата и глобализацијата** | 27 |
| | **3.3. Религијата во теориите на меѓународните односи** | 30 |
| | *3.3.1. Легитимност* | 33 |
| | . *3.3.2. Религиозните погледи кон светот* | 34 |
| | *3.3.3. Локалните религиозни конфликти како меѓународна тема* | 35 |
| | *3.3.4. Транснационалните религиозни феномени* | 36 |
| | **3.4. Улогата на религијата врз разрешување на конфликтите** | 36 |
| | **3.5. Трансформативната моќ (потенцијали) на религијата** | 39 |
| **4.** | **РЕЗУЛТАТИ ОД ИСТРАЖУВАЊЕТО** | 44 |
| | **4.1. Западен Балкан – основни карактеристики** | 44 |
| | **4.2. Босна и Херцеговина – контекст на проблемот** | 48 |
| | *4.2.1. Религискиот фактор во војната* | 49 |
| | *4.2.2. Учесници во војната* | 52 |

*4.2.3. Религијата како фактор на влијание* 53

**4.3. Република Северна Македонија – контекст на проблемот** 61

*4.3.1. Конфликтот и местото на религијата* 64

*4.3.2. Учесници во конфликтот* 66

*4.3.3. Улогата на религијата за време на конфликтот во 2001* 66

**4.4. Споредбени резултати** 73

**4.5. Религијата во меѓународните односи** 77

*4.5.1. Трендот на меѓународното влијание преку религијата* 77

**5. Заклучок** 83

**Користена литература** 88

## КОРИСТЕНИ КРАТЕНКИ

Европска Унија (ЕУ)

Обединети нации (ОН)

Американска агенција за меѓународен развој (УСАИД)

Федеративна Народна Република Југославија (ФНРЈ)

Социјалистичка Федеративна Република Југославија (СФРЈ)

Бруто-општествен приход (БОП)

Дејтонски мировен договор (ДМД)

Охридски рамковен договор (ОРД)

Меѓународна заедница (МЗ)

Македонски центар за меѓународна соработка (МЦМС)

Ослободителна национална армија (ОНА)

Влада за национален Спас (ВНС)

Македонска православна црква (МПЦ)

Исламска верска заедница (ИВЗ)

Католичка црква (КЦ)

Евангелско-методистичка црква (ЕМЦ)

Еврејска заедница на Република Македонија (ЕЗРМ)

Комисија за односи со верски заедници и религиозни групи (КОВЗРГ)

Невладина организација (НВО)

# 1. ВОВЕД

Првиот дел од трудот воведува во проблемот на истражување, осврнувајќи се на релевантноста за истражувањата и анализата на улогата на религијата во насилни ситуации, како и за изградба на мир.

## 1.1. Вовед во проблемот

Религијата е феномен што илјадници години наназад претставува едно од позначајните места во животот на луѓето и е присутна во сите општества или општествени заедници кои ни се познати а во кои живее/л човекот. Несомнено таа зазема посебно место во животите на луѓето во однос на нивните меѓусебни интеракции, но и во однос на интеракцијата со надворешната социјална околина.

Покрај евидентната присутност, религијата покажува и шаренило на нејзиното манифестирање: од тотемизмот во примитивните општества, па до религиите што се т.н. живи религии, како што се: христијанството, исламот, јудаизмот, будизмот, кои се поврзуваат со т.н. современи општества.

Патот и поврзаноста на религијата со општеството е евидентна дури и преку ова кусо прикажување за религијата. Сепак прашањата поврзани со прашањето зошто религијата покажува посебно место во животот на луѓето, како опстојува во современите општества, како тоа религијата да има обединувачка улога, од каде е таа моќ луѓето да се жртвуваат во име на религијата, како и многу други прашања, сè уште останува без целосен одговор.

Научната јавност е свесна за присуството на религијата и нејзината проткаеност во севкупната цивилизациска егзистенција, а со тоа религијата има белег на историски и општествен феномен. Религијата ги насочува припадниците кон иста верска заедница, религиозна група или култ. Обредите што се практикуваат манифестираат припадност на одредено духовно определување и на одредено заедништво. Религиската организација е посебна група на лица насочени кон воспоставување и одржување заедништво, социјална интеграција и дисциплина.

Религијата претставува колективна свест во контекст на Диркемовото разбирање, па може да се каже дека религијата не може да се набљудува вон рамките на колективниот живот (Crim и др. 2004: 580). За Карл Маркс религијата претставува идеолошки елемент и ја потврдува нееднаквоста што постои во општество, а пак за Макс Вебер религијата претставува важен елемент кој имал своја голема улога во промените во еден социјален контекст, а особено во развојот на западниот капитализам (Giddens 2006: 579). Влијанието и присуството на религијата во општествениот живот е несомнено илустрирано со зборовите на еден од најистакнатите религиолози на дваесеттиот век Елијаде Мирча (Eliade Mircea), кој истакнува дека „историјата без религија е само пепел“. Покрај ова, религијата се констатира и како значаен елемент на идентитетот на човекот. Религијата вклучува симболи, чувство за припадност и одредени ритуали што ги практикуваат членовите на заедницата.

Покрај ваквото континуирано присуство на религијата во развојот на општество во кое живее човекот, сепак во одреден период анализите упатуваат на извесно намалување на влијанието на религијата проследено со нејзина секуларизација. Индикаторите зборуваат за намалување на членството во верските заедници, за нивниот општествен статус, како и за личното чувство за религиозност. Како логични се наметнуваат следните прашања: дали тоа значи дека религијата го губи своето присуство, и со тоа и влијание во модерната држава; дали религијата прави отстапки пред модерноста.

Врз основа на одредени анализи и искуства во текот на дваесеттиот век, меѓународната заедница на извесен начин го отфрла секуларниот скептицизам и констатира дека религијата е препознаена како важен елемент за демократијата и за функционирање на активности во рамките на меѓународната заедница (Johnston 2003; Thomas 2005; UNFPA 2015; Mandaville & Silvestri 2015). Зоран Матевски поентира дека религијата дава особено значаен печат на идентитетот на човекот, особено во современите односи во констелација на глобалната економија, глобалната наука и глобалниот политички систем кога во одредена мерка се релативизира улогата на религискиот идентитет. Во однос на европското искуство, истакнува дека етницитетот и религијата како значајни аспекти на индивидуалната идентификација се преклопуваат (Matevski 2021: 17-20).

Достапната литература аргументира дека религијата има важна улога во решавање конфликт и градење мир, нагласувајќи дека постои разлика помеѓу религиите во однос на склоноста кон насилство или кон мир. Евидентно е дека религијата може да придонесе за ескалација на конфликти, но не е утврден одреден постојан модел во однос на учесници, надворешни поттикнувачи или религиозни карактеристики. Доколку се воочи дека религијата е значаен фактор, тогаш политичката манипулација е сеприсутна. Исто така вклучувањето на религијата во процесите на разрешување конфликти, градење мир, има позитивно влијание врз нив. Религијата е мост за соработка, за заживување на политичките концепти за градење мир, а се овозможува со фактот што религијата има авторитет меѓу своите заедници и следбеници и влијание на сите аспекти од секојдневниот живот (Smock, 2006; Silvestri & Mayali 2015).

Воглавно, постконфликтните активности во кои се вклучуваат религиозните заедници се движат од медијација до хуманитарна помош, рехабилитација и реконструкција, економска стабилизација, следење на остварување на правата на човекот, а не ретка е и политичката активност.

Процесите на помирување се дел од концептите на воспоставување мир и одржување на стабилноста на мирот. Во идејна рамка, тој се развива низ три фази. Првата се поврзува со Нирнбершките процеси; во овој период се опфаќаат активности насочени кон воспоставување на правото, демократските институции и процедури. Оваа фаза се занимава со воспоставувањето транзициска правда, која се случува со посредништво на меѓународните судови или заедници. Втората фаза всушност е едно надополнување на некој недостаток на првата фаза, а тоа е дека е важна вистината пред правдата. Оваа фаза се разработува преку комисии, а како за пример се посочува аргентискиот модел. Третата фаза е преод од правната рамка кон активности кои ќе имаат задача да ги соочат страните во конфликт и да изнајдат решение што понатаму ќе води кон нормализација на односите. Како за релевантни аспекти се сметаат и психолошкиот, сознајниот, емоционалниот и религискиот аспект (Kriesberg 2004; Kelman 2006; Lederach 2015; Philpott 2012).

Религијата е значаен фактор, но не може да се каже дека ги има надлежностите и можностите да ги реши сите општествени и политички проблеми кои постојат. Нејзиното присуство е значајно, но со ограничен досег. Мирот преку

религијата се согледува низ создавање духовна линија на дискурсот на мирот. Објаснувањата се дека религијата промовира човечки квалитети, а тие се важни за воспоставување на мирот и на социјалната правда како значаен аспект за одржливоста на мирот. За улогата на религијата сведочат и праксите на решавање разни конфликти преку секуларните институции, кои не давале позитивни резултати во воспоставувањето и градењето на мирот. Религиите во себе содржат регулативи низ кои се промовираат мироцентрични вредности. Во таа смисла, логично е да се ангажираат религиите и да им се даде мандат да промовираат толеранција, плурализам и мирно решавање на конфликтите, како и негово одржување (Gopin 2000; Appleby 2015; Ahsan 2022).

Некаде во овие рамки е и мотивот за изработка на магистерскиот труд со посебен осврт на улогата на религијата во регионот на Западен Балкан. Зошто Западен Балкан?

Западен Балкан е термин што се користи од 2003 година, од Самитот на Европската Унија (ЕУ) во Солун. Тогаш европските дипломати го користат овој израз за сите земји од западниот Балкански Полуостров кои имаат аспирации кон ЕУ. Во таа смисла, Западен Балкан претставува територија во Европа која претендира да стане членка на европското семејство, но бележи бура од историски превирања во кои се измешани мирот, војната и конфликтите помеѓу државите припаднички на овој регион. Тие се со изразена хетерогеност од аспект на религиозната различност, како и етничкиот идентитет. Западен Балкан претставува регион за кој независно од времето може да се размислува како за транзициско општество во насока на подобрување на условите за живот.

За одредницата Западен Балкан можеме да кажеме дека повеќе е политички дефиниран регион отколку географски. Од државите кои се во Западен Балкан (Северна Македонија, Србија, Албанија, Косово, Црна Гора и Босна и Херцеговина), Албанија географски припаѓа на јужниот дел од Балканскиот Полуостров. Наспроти тоа, Хрватска географски припаѓа на западниот Балкански Полуостров, а не се смета како дел од Западен Балкан.

Во однос на ваквата поделба, државите кои се дел од групата на земји од Западен Балкан никогаш не се противеле на оваа поделба. На договорените средби

со претставниците на ЕУ, земјите припаднички на Западен Балкан секогаш се присутни.

Појдовно прашање на магистерскиот труд е *согледување на улогата на религијата во Западен Балкан и на активностите низ кои се изразува нејзиното влијание врз општествените случувања во услови на насилни конфликтни, како и постконфликтни ситуации*.

Приближување кон одговорот на ова прашање се разгледува преку искуствата на Босна и Херцеговина и Република Северна Македонија. На овој начин само се допираат одредени аспекти за разбирање на улогата на религијата во мир и конфликт, без претензии да се дојде до еден конечен одговор.

### 1.2. Цели и задачи

Основна цел на ова истражување е да се претстават основните аспекти за местото на религијата во регионот на Западен Балкан и нејзиното влијание, независно од секуларниот карактер на државите кои ја одредуваат посочената територија. Во тој контекст се насочени и поставените цели.

Поставувањето на теоретската цел се однесува на претставување на теоретските гледишта за религијата и нејзината позиција во услови на општествени стабилни и нестабилни констелации на односи.

Методолошката цел по својата природа се однесува на емпириските аспекти од магистерскиот труд. Цел е да се идентификуваат карактеристиките на религијата и да се разбере интерпретативниот метод при анализа на овој феномен (особено важен метод кога станува збор за феномени во кои приодот е интердисциплинарен). Очекувања се дека на овој начин ќе се развие и ќе се збогати споменатиот истражувачки пристап за вакви истражувања.

Практичната цел е добиените сознанијата да се користат за предложување или донесување одлуки во секојдневниот живот, а се во согласност со предметно дефинираните аспекти.

За тие цели магистерскиот труд претставува обид да се одговори на поставените задачи, дефинирани како: степен, форми и димензии на присутност на

религијата во општествата, формите на присуство и разликите и сличностите помеѓу двете земји.

Актуелноста на поставените цели и задачи произлегуваат пред сè од значењето на религијата во однос на нејзиното присуство во меѓународните институции и мрежи. Сите поставени прашања се истражени и анализирани во трудов, во поодделни делови.

## 2. ПРЕДМЕТНО ОДРЕДУВАЊЕ И МЕТОДОЛОШКИ НАСОКИ

Фокусот на овој дел од магистерскиот труд е насочен кон дефинирање на предметот на истражување, неговата теориска елаборација и операционализација. Соодветно на операционализацијата на варијаблите, претставена е хипотетската рамка изразена во истражувачкиот метод.

### 2.1. Дефинирање на предметот на истражување

Определување на предметот на истражување е поврзано со поставените прашања, но и со можностите за истражување на овој феномен преку интердисциплинарниот пристап, истакнувајќи ја релевантноста на меѓународните односи во разрешување на конфликтите и одржување на мирот.

Предметот на магистерскиот труд е да се разгледаат споменатите релации: религија – конфликт и религија – мир во поширок социоекономски и историски контекст и низ призмата на меѓународните односи, без амбиции да се истражува насилството и насилното однесување во рамките на еден вредносен систем.

Поради комплексноста на предметот на истражување, но и поради неговата ултимативна објективност, се предвидува да се обработи на три нивоа. Фокусот е ставен на следниве аспекти:

- вид на концептот (дали станува збор за религиозен или нерелигиозен) кој придонел конфликтите да се развијат и да се трансформираат во религиски конфликти;
- актери (дали станува збор за религиозни или нерелигиозни) кои се вклучени во конфликтите и кои го користат концептот;
- вид аргументации (дали станува збор за религиозни или нерелигиозни) кои ги користат идентификуваните актери во услови на разместување на конфликтите.

Емпирискиот дел е насочен кон Република Босна и Херцеговина и Република Северна Македонија. Она што е заедничко за двете држави е што припаѓаат на групата земји од Западен Балкан. Исто така двете се мултирелигиски

земји и двете имаат искуство со насилни конфликтни ситуации (Босна и Херцеговина со војна, а Македонија со конфликт). Во двете држави меѓународната заедница евидентира висок степен на вклученост во текот, во разрешувањето и во поствоениот, односно постконфликтниот период.

### *2.1.1. Теоретско одредување на предметот на истражување*

Релевантноста на релациите: конфликт, мир, дипломатија и религија се во фокусот на внимание од 90-тите години на XX век.

Во основа постоечката релевантна литература не дава јасен и издвоен теоретски модел за релациите помеѓу мирот, конфликтите и религијата ниту, пак, нуди одредени решенија како да се задржи мирот, а како да се избегне или опстане во војна.

*Одредници на религијата*

Релевантните анализи за и околу религијата говорат дека таа претставува една динамична компонента што се менува. Гледајќи во контекст на религијата, таа опфаќа клучни свети текстови, теологија, вредности и верувања. Овој суштински пристап е дополнет и со функционалистичкиот пристап дека религијата се разбира во насока на тоа што всушност таа прави за поединците. На пример, дали се поврзува со нивниот идентитет, дали ја нуди рамката на моралното однесување, дали има влијание на законитоста, дали има влијание на воспоставување на редот во општеството и на кој начин ги поврзува индивидуите во заедницата.

Најчеста определба за религијата е дека претставува систем на верувања и вредности, организирано поврзани во однос на одредено натприродно битие преку кое се изразува апсолутната вистина. Во оваа смисла, религијата е дефинирана како „концептуална и морална рамка за разбирање и одредување на животите на поединците“ (Skidimore 2007: 4).

Дефиницијата за религија на Клифорд Гирц е корисен пример на функционална дефиниција: *„Религијата* е: (1) систем на симболи коишто дејствуваат за да (2) оформат моќни, продорни и долготрајни расположенија и мотивации кај човекот со (3) формулирање концепции на генерален поредок на

постоење и (4) покривање на овие концепции со таква аура на фактичноста со што (5) расположенијата и мотивациите изгледаат подеднакво реалистични“ (Gerc 1973).

Оваа дефиниција истакнува неколку социолошко значајни концепти. Најзначајниот елемент е обезбедување смисла, бидејќи оформувањето на споделени смисли (на пример, симболи) е суштински општествен настан. Дефиницијата ги зема предвид општествено структурните и општествено психолошките функции низ концептите на *расположенија, мотивации и фактичност*. Особините по кои се разликува оваа дефиниција се „концепции на генерален поредок на постоење“ и нивната реалност. Според Гирц, луѓето интерпретираат настани и искуства како значајни со нивно поврзување со поголема смисла на *поредок*. Оваа поголема смисла на поредок е забележана од религиозна перспектива како целосно реална – дури уште пореална отколку световните настани и искуства. Емпириски оваа разлика значи дека содржината на религиските верувања и практики се неважни сè додека служат во симболизирање некој нереален, трансцендентен поредок кај верниците (Gerc 1973).

Растечкиот интерес за религијата, но и сè поприсутниот концепт за секуларизација, изразува една друга димензија и интерес за религијата. Тој концепт поентира дека не е доволно да се разгледува само концептот на организираноста и колективните форми на религијата туку дека треба да се земе предвид и улогата на индивидуалните и субјективните искуства, поточно така наречената невидлива страна на религијата (Taylor 2007; Asad 2003).

Поголемиот број современи социолози на религијата, религиозноста ја доведуваат во релација со вредностите како генерички поим. Вредностите се одредени како релативно стабилни, општи и хиерархиски организирани карактеристики на поединците (диспозициите) и групите (елементите на општествената свест) формирани со меѓусебното дејствување на историските, актуелно социјалните и индивидуалните чинители. Според тоа, пропишаните и посакуваните вредности го насочуваат однесувањето на своите следбеници и поддржувачи кон постигнување на дефинираните цели.

Наизменичното ширење на секуларноста и религиозноста во временски краткиот период ја одбележаа современата историска сцена. Јакнењето на еден

феномен како да беше импулс за повторно оживување на другиот. Според голем број теоретичари, минатиот век беше во исто време и најсекуларизираниот и најрелигиозниот век. Процесот на општествената, економската и културната модернизација, за кои многумина претпоставуваа дека ќе го забрза крајот на религијата, доведоа до нејзина ревитализација.

Ентузијазмот на модернизациските процеси спласна, а вековната човечка потреба за сигурност, ред и хармонија на животот остана иста (Кубурић, Стојковић 2004: 321-342). За постсоцијалистичкиот период е карактеристично зголемувањето на религиозноста, не само кај постарите туку и кај младите генерации. Припадноста кон одредена етничка и верска група се основните кохезивни фактори на овие простори.

Во магистерскиот труд поимот класична религиозност е дефиниран на начин како што тоа го направиле сите позначајни истражувачи на религијата. Религиозноста ја сочинува субјективната страна (индивидуалното доживување), а во нашето истражување истата ќе ја дефинираме како „ориентација, т.е. вера во светото – еден Бог“, која подразбира усвојување на основните теолошки принципи на дадената конфесија на ниво на верата, на ниво на знаењата, одредена религиска пракса, како и поширoки модели на однесување засновани врз религиските морални норми што произлегуваат од тоа. Со тоа, религиозноста подразбира четири клучни аспекти: верување во светото; практикување кое подразбира религиска пракса искажана во обичаите и ритуалите што ги бара верата; бихејвиорални обрасци, кои ги подразбираат моралните обрасци на однесување во општеството; и теолошкото учење како систем на знаења кои ги нуди секоја религија (Bešić i Đukanović 2000: 115).

Религиска толеранција е синтагма составена од два момента: *Религија* и *Толеранција*. Практиката намерно да се дозволи нешто што некој го забранува, се нарекува толеранција. Одреден субјект може да говори за толеранција, односно за дозволување тогаш кога е во недозволива позиција. Слично, толеранцијата се определува како став на поддржување, охрабрување, одржување и зачувување кон оние чии мислења, ставови, гледишта, расни / ентички потекла и практики се разликуваат од сопствените. Толеранцијата може да симболизира ништо повеќе од трпеливост и степен на самоконтрола, како и согласност дадена од припадниците

на доминантната религија за другите религии да постојат, па дури и тогаш кога тие се перципираат како инфериорни, грешни или, пак, опасни.

Ако е тргнуваме од основната констатација дека толеранцијата е таков модел на однесување во кое е дозволено важењето на друго начело, тогаш можеме да ги наведеме следните тези во врска со горенаведената тема. Толеранцијата е трпеливост, подносливост, дозволено отстапување од вообичаениот пропис. Социолошки интерпретирано, таа е трпеливост, поднесување и почитување на туѓите уверувања. Религиската толеранција е важење на други религиски начела, кои не се сопствени, но треба да се уважуваат во духот на религиските права и слободи. Најкратко кажано, толеранцијата е дозволено отстапување од сопствените религиски убедувања (Matevski 2016).

*Религијата и конфликтот*

Инволвираноста на религијата во конфликтот не прави разлика дали станува збор за домашен или меѓународен конфликт. Таа е присутна во сите сегменти. Според анализите на Холенстејн, религијата е насочена кон апсолутно и безусловно разбирање на нештата. За христијанството, исламот и јудаизмот како монотеистички религии, не е едноставно да се одвојат апсолутното божество, традицијата и постоењето на човекот. Таквиот вид на исклучување може да доведе до нетолеранција и религиозна подвоеност. Голема е веројатноста религијата да ја зголеми агресивноста и насилното однесување. Во таква констелација, авторитетите во религијата во име на религијата може да ја злоупотребат својата моќ во насока на целосно нарушување на човековите права (Holenstein 2006: 79).

Одредени конфликти што се случуваа во неодамнешно време, низ три форми ја вклучуваат религијата. Тоа се: *фундаментализам, верскиот тероризам, како и тезата за „судир на цивилизациите“* (Huntington 1996; Appleby 2000; Gopin 2000; Juergensmeyer 2005; Haynes 2007).

**Фундаментализмот** се изразува различно во религиите, но има и заедничка карактеристика а тоа е верувањето дека сопствената вера е под закана од некого, и во еден таков контекст се разгледуваат стратегиите што се насочени за одбрана на сопствениот идентитет, како народ и како религиозна група. Голема е веројатноста

фундаменталистичкиот пристап од зачувување на сопствената религија да прерасне во политички и воен напад, како на локално така и на меѓународно рамниште.

**Верскиот тероризам** се случува во земји кои се нестабилни и без влади со интегритет. Пример за такви земји се Камбоџа, Сомалија, Ирак и Авганистан, во кои се случуваат конфликти. Ваквата нестабилност создава можности да се прифатат тезите за загрозена безбедност. Чувството на загрозеност овозможува дејствување на верските групи во меѓународни рамки, како, на пример, Ал Каеда (Burke 2004; Howard & Sawyer 2004; Haynes 2021).

**Судирот на цивилизации** е развиена теза од страна на Самуел Хантингтон, иницирана во 1993 и преточена во книга во 1996 година. Неговите анализи се поврзани со тоа дека крајот на Студената војна се случува во период кога се случува и глобален судир помеѓу, како што вели, „христијанскиот Запад“ и „муслиманскиот Исток“.

Истокот во конфликтот застанува на страната на политичкото движење кое целно дејствува кон промена на политичкиот поредок на Западот и има негативни ставови кон него. Ова движење се препознава како радикален ислам и се става во контекст на „исламскиот фундаментализам“ кој не ја препознава демократијата. Западното, пак, се поврзува со врската помеѓу христијанството и либералната демократија и создавање нов поредок што се базира на либерални вредности. Во овие рамки се движи судирот на цивилизации според Хантингтон.

*Религијата и мирот*

Ставање крај на конфликтите, иако не е нов термин, од неодамна добива внимание и во академските кругови и во сферата на политиката (Bouta и др. 2005; Scmock 2006). Во контекст на религијата е кога верските претставници се вклучуваат во намерата за воспоставување и одржување на мирот. Тоа се т.н. „религиозни миротворци“ (Appleby 2015; Gopin 2005; Ellis & ter Haar 2005). Според анализите, нивниот успех во процесот на воспоставување мир е доколку имаат конекции, како на национално така и на меѓународно рамниште. Тие постојано го

истакнуваат мирот и ја избегнуваат војната и имаат воспоставени добри релации со различни религии во конфликтните подрачја (Appleby 2015: 1-2).

Поголеми се шансите за имплементирање на мирот доколку верските организации покажуваат активност во градење на мирот и доколку имаат своја препознатлива улога како религија во зоната на конфликтот и во сферата за одржување на мирот и во други сфери на дејствување и активности. Можно е нивните активности да се препознаат и како активности на секуларните невладини организации, но сепак тие имаат своја препознатливост во процесот на градење и одржување на мирот, присутни се во процесите на преговарање како највисоко ниво и во обуки за градење и развој на мирот. Сознанијата се дека промоцијата на мирот е поефикасна кога е дел од активностите за помош и развој (Smock 2006).

Иницијативите за мир засновани на верата и религијата се присутни во решавање на конфликтите во современата доба. Нивните позитивни страни се согледани во давање емоционална и духовна поддршка на заедницата што е погодена од конфликтот; потоа во ефективна мобилизација за религиски своите *и религиски другите заедници* во градење на мирот, како и во процесите на преговарање, посредување на страните во конфликтот, но и вршење притисок за „помирување, дијалог, разоружување и реинтеграција“ (Bouta и др. 2005: ix).

Обидите на „религиозните миротворци” се насочени кон подобрување на односите во заедницата, но и создавање, поттикнување развој на мирни и конструктивни односи помеѓу страните кои претходно биле во конфликт.

Релевантната литература забележува и одредени неуспеси во овие активности. Нив ги идентификува како неуспех на верските лидери да бидат разбрани во однос на дејствувањето во заедницата во насока на градење на мирот (Appleby 2015: 2).

Според пирамидата на учесници градители на мирот и нивните пристапи кон мирот, создаден од Ледерах, религијата и нејзините активности се позиционирани на второто ниво, како и на првото основно ниво. Органскиот модел ги смета за особено значајни актерите на споменатите нивоа, како што и самиот Ледерах дава предност на пристапот одоздола - нагоре (bottom – up). Како причина за ваквиот став се забележува вклучувањето голем број лица, а лидерите на

средното ниво ги смета за главна карика во развивање на мирот (Lederach 2002: 185) .

### *2.1.2. Операционално одредување на предметот на истражувањето*

Операционализацијата на предметот на истражување ја определуваат варијаблите и индикаторите користени во анализата. Предметот на истражување ќе биде разработен преку причините за конфликт, актерите и аргументите (Silvestri&Mayall 2015).

Дали и во која мерка конфликтот е предизвикан од религиозни причини? Дали е валиден религиозниот концепт? До кој степен религијата е основа за конфликт?

Учесниците, односно актерите се класифицираат како лица или како група лица кои имаат заедничко искуство, а тоа е вклученост во конфликт. Тие се разликуваат според своите основни белези, како што се пол и возраст, но и според тоа дали се секуларни или религиски лидери.

Примената на вака комплексен пристап се смета за релевантна за давање одговор на поставените прашања, односно за улогата на религијата и нејзината релевантност за одредени конфликтни ситуации и во ситуации за градење на мирот.

## **2.2. Хипотетска рамка**

Врз основа на поставените цели и задачи на нашето истражување, неговото теоретизирање и операционализирање на основните променливи варијабли, ја определивме хипотетската рамка на истражувањето.

Општа хипотеза: основната претпоставка која се користи во овој труд е дека концептот, актерите и аргументите имаат влијание на позиционирање на улогата на религијата во услови на мир или во услови на војна или конфликт.

### 2.3. Методолошки пристап

Методите се во согласност со предметот на истражување, како и погоре објаснетиот пристап на анализа.

Магистерскиот труд е разработен на теоретско ниво, а квалитативниот и интерпретативниот методолошки пристап се применети при анализите на студиите на случај.

Во теоретскиот дел се предвидува да се користи достапна литература од различни научни области: политолошки и меѓународни односи, мировни студии и социологија на религија. Теоретскиот дел обработува два аспекта во согласност со достапната релевантна литература. Едниот аспект се осврнува на теоретските погледи за односот помеѓу религијата и конфликтот. Вториот аспект ги опфаќа пристапите за идентификување на религијата како иницијатор за конфликт. Теоретскиот пристап се очекува да даде придонес за следниот дел во кој ќе бидат прикажани анализите од селектираните држави како студии на случај. Ваквиот пристап овозможува еден инклузивен методолошки пристап кој е неопходен за задржување на објективноста во истражувањето.

Предметот на истражување, како и одредени ограничувања во однос на реализирање на истражувањето, наложува користење секундарни извори на податоци како извор за анализа. Се предвидува да се користат извештаи од невладиниот сектор кои дејствуваат и се посветени во областа на воспоставување и зачувување на мирот, потоа достапните истражувања за религијата потпомогнати од други организации чија цел е поддршка на мирот и непристрасност во конфликтни ситуации.

Интерпретативниот метод се базира на разбирањето и значењето на конкретната ситуација преку употреба на соодветни техники за неа. Како извор се користат текстови во достапните формати и од различни извори, а можно е да се користат и интервјуа со експертите. Интерпретативниот метод е дел од квалитативните истражувачки стратегии. Барајќи ги одговорите на прашањата *што, како* и *зошто,* даваме одговор на истражувачките прашања; на пример: што е најдено во текстот; како е оформена и преку кои актери е предизвикана конкретната акција; зошто се користат посочените аргументи и се преземени

конкретните активности. Овој пристап е познат како *абдуктивен пристап* или расудување. Абдуктивниот метод на резонирање изведува можни заклучоци од она што веќе се знае. Од достапните информации се приоретизираат оние што се наједноставни, како и фактите кои покажуваат најголема веројатност дека ќе се случат (Liamputtong 2020; Wiesner 2022).

Всушност абдуктивниот метод на резонирање е еден од трите метода кои се користат во научните истражувања и се разликува од нив според изворот на податоци и изведување на заклучоци. Имено, дедуктивниот метод изведува заклучоци врз широко прифатени факти или премиси. Индуктивниот метод изведува заклучоци врз основа на емпириски факти и најчесто се тоа емпириски факти базирани на примерок.

Предметот на истражување е емпириски документиран преку секундарни извори на податоци базирани на дискурс анализа. Користени се податоци од веќе спроведени истражувања, истражувачки извештаи и анализи релевантни за проблемот. Тоа се анализи кои се однесуваат на улогата на религијата во посочените студии на случај: дали истата го димензионира конфликтот или постконфликтното општество и дали има влијание и преку кои форми во дадената ситуација. Меѓународниот фактор и неговото присуство е обработено како фактор на влијание од религиозен аспект.

Изборот на земјите како пример за студиите за случај е целен. Босна и Херцеговина и Македонија се земји кои имаат заедничка историја во одредени периоди, слични социоекономски карактеристики, религиска и етничка нехомогеност и институционални капацитети, но со различна позиција во однос на нивниот статус за зачленување во европското семејство. Од аспект на конфликтот, во Босна и Херцеговина, за разлика од Македонија, конфликтот ескалираше во војна.

# 3. УЛОГАТА НА РЕЛИГИЈАТА ВО МЕЃУНАРОДНИТЕ ОДНОСИ

Третиот дел од магистерскиот труд дава преглед на претходно публикуваните научни истражувања и анализите во однос на религијата и нејзиното значење и влијание за општествата. Во согласност со предметот на истражување, во посебни подделови ќе се презентираат ставовите на етаблираните социолози и филозофи за религијата, но и видувањата за позицијата на религијата во меѓународните односи.

## 3.1. Општ социорелигиски пристап

Во продолжение ќе се осврнеме кон религијата и нејзината улога преку видувањата на етаблирани социолози и филозофи кои се занимавале со феноменот на религијата.

Осврнувајќи се на современите општествени промени, како често спомнуван сегмент претставува *секуларизацијата* и статусот на религијата во западното општество, а тоа се всушност и неизбежни теми кога станува збор за етаблирање на социологијата како наука (Obadia 2010; Alkin 2014: 46-47).

Конт Огист (Comte Augist) истакнува дека современото општество се оформува или функционира независно од влијанието на религијата и светите верувања (Davie 2007).

Вебер Макс (Weber Max) има јасен став во однос на модерните општества. Според него, тие се високо организирани, а рационалниот пристап и рационализмот во водење и градење на модерните системи се неизоставни. Според тоа, во организирано и рационално општество религиските верувања не се од второстепено значење (McKinnon 2010).

Диркем Емил (Durkeim Émile) ја истакнува функцијата на религијата како регулатор на моќта и создава услови човекот да го одржи општествениот поредок (Nielsen 1999).

Размислувањата на Маркс Карл (Marks Karl) во однос на религијата се поврзуваат со природата на капиталистичкиот систем. Според него, религијата има значајна улога во однос на општественото отуѓување, а тоа е својствено за

капиталистичкото општество. Маркс и следбениците ја сметаат религијата за опиум за народот, ја користат повисоките класи, а сè со цел да владеат со народот (Aldridge 2007).

Без намера да се прикажат сите дефиниции за религијата, релевантната литература ги групира дефинициите на религијата на оние што се фокусирани на структурата и на оние што ги истакнуваат нејзините функции. Во структурата на религијата припаѓаат: верувањата, религиските чувства, ритуалите, симболите, вредностите и нормите. Функциите се: когнитивна, психолошко-емоционална, етичка и општествено-интегративна (Матевска 2021: 18-29). Религијата е општествена институција и универзална категорија која „ги опишува верувањата, вредностите и практиките поврзани со свети или духовни нешта“ (Илиевски 2023).

Се смета дека човекот во периодот на постпросветителството може и треба да живее без да ги следи религиозните норми и верувања. Како што рекол Ниче: „Господ умре за да живее човекот“ (Nietzsche 2007 во Alkin 2014: 46-47).

Споменатите размислувања се поврзуваат и со фазите на развој на општествата во текот на XVIII и XIX век, и тука се мисли на сите западни општества кога се доведуваат под прашање авторитарните режими или начин на владеење. Се формираа држави во кои секојдневниот живот и политичките трансформации се случуваат без влијанието на религијата (Bataille 1992; Kurien 2006). Местото на религијата е во приватната сфера, а тоа значи дека религијата не го претставува поединецот, туку таа се издвојува од националниот идентитет. Во овој период како да се дефинира еден посебен статус на поединците, а тоа е: *верувам, но не припаѓам* (Davie 2007: 94).

Секуларизацијата значи диференцирање на секуларните сфери од верските институции и норми, намалување на верските уверувања и практики и давање простор на религијата само во приватната сфера на дејствување, што би значело и маргинализирање на позицијата на религијата (Casanova 1994: 122).

Релевантната литература која го анализира процесот на секуларизација изведува заклучоци дека истата се разликува од земја до земја. Преку еден критички осврт кон овој процес се наметнуваат и дискусиите дали религијата навистина останува во приватната сфера и е надвор од актуелните општествени случувања?

Одговорот на прашањето е негативен (Aldridge 2007). Поконкретно, на ова прашање се гледа како на развоен процес и на воведување самоефикасни практики, кои сепак ја позиционираат религијата како учесник во општествените случувања.  Како примери на аргументите се наведува Франција и т.н. *француски ислам* (Kurien 2006: 730). Тоа упатува дека француската влада организира обука која служи за тренинг и подучување на имамите. Вилсон, врз основа на анализата на западните христијански општества, ги претставува сознанијата во кои потврдува дека се намалува авторитетот на верските институции, но се појавуваат нови верски организации и нови форми на религиозност (Wilson 1998). Како пример се мисионерските активности на христијанските земји во Африка и Јужна Америка (Pentecostal Movements in Latin America) (Adogame 2010). Потоа, во Турција е оформено посебно тело за верски прашања за да ја следи религијата која е дозволена во приватниот живот. Ова тело почнува со дејствување на почетокот на XX век, откако религијата се одвојува од државата. Слични активности се евидентирани и во Британската англосаксонска црква и во Германската црква. Имено, многу школи и здравствени институции се оформуваат во рамките на црквата, но ги контролира државата. За споменување е и воведување одредени религиски предмети во наставните програми во основните училишта (Alkin 2014: 50).

Со модернизацијата на општеството, плурализцијата и различноста стануваат повидливи. Дополнително преку сè поголемо присуство на глобализацијата, мултикултурноста на општествата се зајакнува. Поединците и групите мигрираат кон целните дестинации кои се поразвиени. Тие стануваат простор со различни религиозни идентитети, кои во тој простор се запознаваат, развиваат дијалог итн. Ова се смета како една од последиците на глобалниот свет.

Поединците кои практикуваат религиозни активности се исто така дел од транснационалните линкови и ги користат погодностите на модернизацијата (Davie 1997: Alkin 2014: 52). Во ваков контекст, логично е да се доведе во прашање индивидуалната секуларизација во процесите на модернизација и глобализација. Во оваа смисла се истакнува и констатацијата на Обадиа, кој вели дека во глобалниот свет постојат светски религии (практикуваат религиозни активности и го зголемуваат влијанието на религијата) и нови религиозни движења

(мисионерски движења и активности кои овозможуваат хармонизација на религиозните традиции и социјалните промени и сл.) (Obadia 2010: 484). Погоре претставените перспективи претставуваат еден аспект на десекуларизација на западните општества.

Како друг аспект на индивидуализација на религијата е глобализацијата. Хабермас наведува дека таквата ситуација доведува до рационализација на изборот да се биде верник или не (Habermas 2006). Според него, првиот аспект на рационализмот реферира кон тоа религијата да се смета за идентитет. Имено, процесите на рационализација на религијата се токму во хибридизацијата и трансформацијата која се случува во религиозниот идентитет (Obadia 2010: 484). Тоа би значело дека поединецот може да практикува религиозни активности, но во делот на верувањата и нормите има отстапувања, и тоа токму како резултат на рационализација на религијата (Roof 1999: 62). Всушност теориите за индивидуален и рационален однос на религијата во (пост)секуларните општества се поддржани од општествените промени и глобалниот развој. Религијата ги следи постмодерните процеси, потрошувачката итн. (Aldridge 2007). Алдриге извлекува паралела помеѓу духовноста и истоста во културата. Како што објаснува Руф, во сите големи градови сите носат „...исти маици, гледаат исти филмови, слушаат иста музика, а независно на кој континенти се наоѓаат се читаат исти духовни книги, како во Лондон така и Париз... “ (Roof 1999: 72).

Како што констатира Карете, „религиозната емоција не е повеќе одредена само со традицијата, памтењето и пренесените знаења туку како да се производ на бренд во глобалниот свет на доцниот капитализам“ (Carrette 2004: 273). Како се дообјаснува, секоја религија или верска група произведува своја стока која ја продава, ѝ дава вредност и вклучува очекувања. Очигледно е дека денешната светост е претставена како комерцијализација на стиловите на живот, образование, технологија, верска исхрана, публикација и слични активности.

Во општествените науки, религијата е постојано тема на интерес и од аспект на нејзино глорификување или минимизирање на значењето. Процесите на секуларизација и модернизација како да го зајакнаа интересот кон религијата. Наместо секуларизација, особено во контекст на развиените западни општества се забележуваат процеси и активности во кои државите како да сакаат да ја водат

религијата и да ја стават под своја контрола. На таков начин, во академските кругови се наметнува потреба од истражување на религијата и реистражување во однос на нејзината улога во општеството, како и статусот на религиозните групи. Под влијанието на процесите на глобализација и миграционите движења, современите општества се преструктурираат од аспект на културата. Се среќаваат различните култури на едно место и се во непосреден контакт. Ваквата интеракција овозможува религијата да се занимава и со идентитетот на поединецот, како една од формите на културната матрица. Покрај ова, религијата станува доминантен фактор и во секојдневниот живот, во бизнис-релациите и во меѓународната политика. Сите овие фактори имаат свое влијание и на литературата за религијата и на нејзиното конципирање. Ваквата динамика и поврзаноста на религијата со општествениот живот дава поширока смисла на религијата и на нејзино согледување во рамки на процесните промени.

### 3.2. Религијата и глобализацијата

Теоријата за глобализацијата наведува на заклучокот дека религијата во различни општества треба да се разбере во контекст на промените во светот како целина. Но сите теории се темелат на претпоставката дека границите меѓу општествата стануваат сè помалку важни и дека општествениот живот во одредени општества сè повеќе е под влијание на настаните во другите делови на светот, и дека некои одредени промени се очигледни во целиот свет, а не се само ограничени на одредени места. Некои автори се обиделе да проникнат во причините за тоа како тие промени се одразиле на религијата.

Питер Бејер смета дека глобализацијата, религијата, партикуларизмот се всушност склоност за чување поединечни интереси. Мислењето на Евреите дека тие се избран народ Господов и дека Бог ним им дава предност над сите останати народи и дека само тие ќе имаат учество во вечното блаженство, е типичен пример за религиски партикуларизам. Религискиот универзализам е тежнеење да се опфати светот преку теолошкото учење дека милоста Божја се простира на целиот човечки род. Питер Бејер смета дека глобализацијата вклучува ситуација во која народите, културите, државите и цивилизациите кои порано биле помалку или повеќе

изолирани едни од други, сега непрестајно и неизбежно влијаат едни на други. Тоа има два спротивни ефекта. Од една страна, сѐ поголема е опасноста од избивање судири во различните култури кои сега се во исто општество, бидејќи може да доведе до недоразбирање и непријателство. Од друга страна, сите поблиски контакти помеѓу различните култури и религии можат да ги намали разликите помеѓу нив, па со тоа и да се намали можноста од судири (Beyer 2010).

Глобалното општество го карактеризира судир на партикуларизмот и универзализмот. Партикуларизмот ја нагласува важноста на карактеристиките на поединечни општествени групи; тие разлики можат да бидат национални, регионални, културни или религиски. Универзализмот ја нагласува важноста на сличноста помеѓу луѓето, поединечните општества и системите на вредности. Во тој контекст, религијата може да тргне во една од трите насоки:

1. Религијата може да има релативно маргинална улога во глобалното општество. Со оглед на тоа што не може да понуди универзален збир на вредности и верувања кои би биле заеднички за сите членови на општеството, религијата понекогаш се повлекува во сферата на приватното и има приватизирана улога. Бејер смета дека во глобализираниот свет ќе доминираат специјализирани потсистеми. Во врска со тоа, тој вели: *Токму затоа што светската капиталистичка економија функционира насочена кон парите, глобалниот политички систем во смисла на бирократска организација на моќта и научниот систем се во потрага за вистината што може да се провери. На сите тие системи целта им е да се постигне што поголема ефикасност и рационално остварување на целите* (Beyer 2014).

Религијата како потсистем на глобалното општество нема јасно дефинирана улога. Додека во минатото религиозните ритуали се употребувале (бидејќи се сметале за неопходни за успешни жетви, за подобро здравје и воен успех), сега тоа не е случај. Без глобалната улога, на религијата и се препушта само задачата за соочување со личните прашања и проблеми, како што е, на пример, смислата на животот. Следејќи го таквиот пат, религијата ја губи својата улога што ја имала во јавноста, а приватизираната религија продолжува да се развива во безброј плуралистички насоки, користејќи низа можности. Поединците ја одбираат сектата, култот, деноминацијата или една од главните светски религии што сакаат да ја

следат. Меѓутоа религијата не мора нужно да биде ограничена на сферата на приватното.

2. Главните потсистеми на модерноста и глобализацијата создаваат проблеми. Глобалната економија, глобалната наука и глобалниот политички систем можат многу малку да му понудат на поединецот или на општествените групи за потврда на идентитетот. Идентитетите сè повеќе се релативизираат: им недостасува еднозначно одредување што се всушност. Тие имаат низа поединечни улоги (на пример, на работното место или во семејството), но им недостасува единственото чувство на идентитет. Во плуралистичкиот свет, во кој различните култури и религии се цврсто испреплетени и се во поблизок контакт, тешко е да се изјави дека одредена култура е подобра од некоја друга.

Религијата може да има важна улога и да им помага на луѓето да се носат со таквите проблеми. Поединците и општествените групи можат да посегнат кон религијата за да им се осигура единственото чувство на идентитет. Можат да ја употребуваат за потврда на супериорноста на поединецот или на општествената група над другите. Таа може да ги мобилизира (да ги направи подвижни) општествените групи, со желба да остварат моќ и влијание во глобализираното општество во кое се чувствуваат маргинализирани или мислат дека тоа им е закана. Религиите се обидуваат да ги потенцираат посебните разлики кои многу често се тесно врзани со национализмот. Верскиот фундаментализам е релативно нов феномен кој е забележан дури во последната четвртина на 20 век. Најчесто се врзува за исламот и земјите од Блискиот Исток и во нешто помала мера со протестантизмот во Соединетите Американски Држави. Верскиот фундаментализам често се манифестира како потполно или делумно отфрлање на модерните идеи, било да е во прашање верската толеранција, секуларизацијата, различните достигнувања во науката и технологијата, кои од различни причини не се во склад со одредена верска доктрина. Затоа овие религии често се поврзани со национализмот (култ кон сопствената нација, кој создава шовинистички однос кон другите нации).

3. Третата опција е религиите да се обидат да остварат поуниверзален пристап. Бејер тоа го нарекува либерална опција. Во овој случај, религијата се обидува да постигне екуменизам (движење за зближување на сите христијански

цркви), кој настојува да ги приближи и обедини различните вери и верувања. Наместо да тргнува од нагласување на различностите, таа ги нагласува заедничките вредности и верувања, кои би требало да станат глобални, заеднички за целиот свет. Како пример може да послужи верувањето во универзалните човекови права или одредена концепција за социјална правда. Бејер ја смета теологијата на ослободувањето како добар пример на развој (Beyer 2010). Иако теоријата на ослободувањето се темели на католицизмот, нејзините интереси се истовремено политички и религиски, со грижа за сиромашните во Латинска Америка. Многу од проблемите на сиромашните можат да се препишат на начинот на функционирање на капиталистичкиот систем. Втор пример за универзалистички пристап е религискиот енвиронментализам. Според оваа теорија, човековото однесување се обликува исклучиво од влијанието на околината, односно од општеството и културата, а не од некои вродени фактори. Оваа теорија била актуелна за време на просветителството, кога постоело уверувањето дека сите се табула раса и дека културата е таа што ги создава разликите помеѓу сталежите. Посебно тоа мислење се однесувало на агресијата, бидејќи се верувало дека лошите институции, лошото воспитување и општествената хиерархија го расипале по природа добриот и рационален човек. Религискиот енвиронментализам се обидува да ги поттикне различните религиски групи заеднички да дејствуваат во обидот за спасување на она што го нарекуваат од Бог создадена земја.

Бејер заклучува дека глобализацијата нема да доведе до слабеење и пропаст на религијата, но ќе и го ограничи влијанието. Религијата веќе не е интегрален дел на моќните потсистеми, како што се глобалната економија, политичките системи и науката, туку сè уште ќе остане важна како систем за комуникација, ќе може во одредена мера да влијае на настаните на светот, но нема директно да ги обликува (Beyer 2014).

### 3.3. Религијата во теориите на меѓународните односи

Улогата на религијата во општеството не е спорна, меѓутоа нејзиното значење и улога во областа на меѓународните односи претставува предизвик за дискусија и нејзино реално позиционирање. Теоретската литература на

меѓународните односи ја дефинира религијата како *затворена во одредени димензии и ограничена во одредени улоги*.

Религијата до почетокот на XXI век беше занемарена димензија во меѓународните односи. Во своите анализи Хајнес јасно истакнува дека религијата и нејзиното значење расте како што се развива современиот свет. Всушност, неговите развојни димензии го промовираат или имаат потреба од тоа религијата да се смета за значаен фактор во сферата на меѓународните односи (Haynes 2021).

Зголемениот интерес за религијата во теориите на меѓународните односи, меѓу европските и американските научници се поврзува со периодот по 11 септември 2001. Имено, пред тој период мал е бројот на објавени статии кои сметале дека религијата е значаен фактор, односно дека религијата има значајно влијание на односите во национални и интернационални рамки на дејствување.

Пред означениот терористичкиот напад од 11.9.2001 година, од којшто произлегува т.н. најголема војна против тероризмот, е Исламската револуција во Иран. Двата настана се сметаат како причина за оживување и значењето на религијата и се ставаат во фокусот на теориите на меѓународните односи.

Постоеле и други конфликти во тој период, како што е конфликтот во Кашмир, Шри Ланка и тамилските тигри, Сецесионистичките конфликти во Јужна Азија, војната на југословенските простори, пораст на терористичките организации и нивна зголемена видливост преку разни напади, како што е Ал Каида. Но се сметало дека религијата нема никакво значење во посочените конфликти и дека воените конфликти не биле последица на конфронтирање на верските идентитети.

До почетокот на овој век, главните теории, идеи и трендови за меѓународните односи вклучуваат антирелигиозна пристрасност. Ова не значи дека тие јасно ја негираат важноста на религијата, туку дека не ја вклучувале религијата како релевантен фактор на влијание во конфликтите. Во оваа прилика нема да се навлегува во причините за извесната незаинтересираност на теоријата на меѓународните односи за религијата, туку накусо ќе се претстави преглед на релевантната достапна литература.

На теоретско рамниште се разликуваат два правца. Едниот е издвојување на надворешната политика, а со тоа и на религијата од меѓународните односи.

Вториот е насочен кон доминацијата на западната култура, која е окарактеризирана како евроцентрична.

Во теоретски рамки исклучувањето на религијата се должи на концептите на различните теоретски пристапи.

Реализмот се фокусира само на материјалната моќ и остава малку простор за други мотивации за однесување на државата. Либерализмот и марксизмот се фокусираат на рационални и економски фактори. Конструктивизмот тврди дека сите структури се вештачки. Теоретски, во оваа група може да се вклопи и религијата, ама малкумина претставници на конструктивизмот ја вклопуваат. Концептите на нација - држава и самоопределување се фокусираат на етничкиот карактер на државата и нејзината историска мисија. Доколку религијата воопшто и била вклучена, таа се претставувала како еден дел кој е вклучен во етничкото наследство и историјата, а не како мотивирачка сила за однесување. Исто така религијата сама по себе е тешка за квантификација. Тоа се смета како дополнителна пречка, бидејќи теоријата на меѓународните односи ги игнорира факторите што се тешко мерливи (Fox 2018).

Според размислувањето на Хајнс, во однос на тоа како да се зајакне влијанието на религијата во меѓународните односи, тој истакнува дека оние држави во кои религијата има силно влијание во општествениот и политичкиот живот, треба повеќе да се вклучуваат во сферата на меѓународните односи. На тој начин, религијата ќе ја јакне својата присутност и видливост во меѓународните односи (Haynes 2021).

Имено улогата на религијата во меѓународните односи никогаш го нема изгубено своето значење. На пример, во земјите од Блискиот Исток и Јужна Азија религијата никогаш го нема изгубено значењето во сферата на политиката, идентитетите и така натаму. Меѓутоа факт е дека во глобалниот свет европските држави, кои се секуларни по својот карактер и ја имаат доминантната позиција во меѓународните односи, ја одредуваат улогата на религијата во меѓународните односи, но од сопствена перспектива. Доколку државите кои ја сметаат религијата како значаен фактор на национално ниво и го зајакнат своето влијание на меѓународната сцена, тогаш и религијата како фактор на влијание ќе стане пореспектабилна, а со тоа и поприсутна. Исто така високо уважено мислење е дека

во декларираните секуларни држави религијата е присутна, но низ различни форми.

Како поткрепа на ова мислење се наведуваат и анализите на Фокс. Во 2008 година се анализирани 172 уставни документа на секуларни држави и најдено е дека влијанието на религијата е присутно и покрај нивниот секуларен карактер. Богот се споменува при давање на заклетва или при благословување на одредени социјални активности, а се споменува и во давање на заклетвите, дури и кај една четвртина од испитаниците (Fox 2018; 69-70).

Споменатите факти се користат како аргументи во тоа дека малцинствата го црпат, односно имаат свој легитимитет, позиција во секуларните држави. Дополнително на ова, присуството на религијата во институции кои не се државни, како и нивно усогласување со целите на државата и со националните интереси го замаглува влијанието на религијата во меѓународните односи (Fox & Sandler 2004; Haynes 2021: 25).

Реномираните анализи на Фокс Џонатан издвојуваат неколку аспекти кои може да се сметаат како канали преку кои религијата може да има свое значајно влијание во многу општествени аспекти на дејствување. Тоа се следниве: легитимноста, погледите на религијата кон светот, локалните религиозни конфликти како меѓународна тема и транснационалните религиозни феномени. Подолу е презентирано што опфаќа секој од аспектите.

### *3.3.1. Легитимност*

Религијата по својата природа, организација и според своето влијание, без сомнение може да дава легитимитет на голем број активности, процеси, идеи итн. што се случуваат во рамките на едно или во сите општества во целина. Дополнително, религијата со своите потенцијали на влијание може да го одземе легитимитетот. Во таа смисла не постои причина да нема влијание, да не се користи моќта на убедувањето, масовноста на постоечките религиски карактеристики и во меѓународните односи. Или подобро кажано, религијата да биде извесен партнер во остварување на одредени политики, активности, намери итн.

Ограничувањата во овој аспект се во рамките на културните димензии што произлегуваат од верските убедувања и степенот на религиозност на поединците. Поточно, не се сите лица подеднакво подложни на религиозни аргументи и не сите религиозни лидери поседуваат иста умешност на убедување и уверување.

Влијанието на религијата во сферата на меѓународните односи и нејзиниот легитимитет се поддржани со ставот дека нормите го зголемуваат своето влијание и во областа на меѓународните односи. Имено, одредени меѓународно признаени норми се особено прифатливи во современиот свет и тие се поддржани од групи, кои од одредени причини имаат мало влијание, односно нивните социокултурни, па и политички норми, покажуваат слабо влијание во конкретна политичка, економската или социјалната сфера. Во однос на тоа, ваквите групи за промовирање на својата позиција или интерес ги користат меѓународните норми кои се етаблирани, и со тоа полесно се прифаќаат. На тој начин, преку промовирање на меѓународно прифатените норми, и нормите на спомнатите групи се пласираат, промовираат и прифаќаат. Дополнително етничката припадност и национализмот се две точки кои во одреден *спакуван облик можат да* влијаат, и тоа се користи од страна на политичарите. Исто така религијата се смета како еден од аспектите кои го дефинираат идентитетот. По сите овие основи, религијата се смета дека има свое влијание (Cortell&Davis 2000; Wilmer 1993; Huntington 1996; Fox 2003: 55-174).

### *3.3.2. Религиозните погледи кон светот*

Фактот дека религијата може да влијае на перцепциите, ставовите и погледите на поединците, на своите следбеници, односно верници, е несомнена. Таа може да влијае преку две димензии.

Првата димензија е преку политичарите и колкав е степенот на нивната религиозност. Колку се политичарите порелигиозни толку е поголема веројатноста тие да имаат поголемо влијание на верниците. Секако дека постои и ризик да не се реализира таквото влијание. Тоа се случува кога прокламираните ставови по однос на актуелното прашање не се во рамки на религиозните, а се инсистира да бидат и да се остварат како такви. Во такви ситуации, резултат е

конфликт, кој може да ескалира и до насилен воен конфликт. Ова може да се нарече и манипулација со верниците.

Втората димензија се разгледува во однос на тоа како ќе реагира населението по однос на одредени политичко-религиозни одлуки. Ова е особено чувствително кога станува збор за светите места, без разлика за која религија да станува збор.

### *3.3.3. Локалните религиозни конфликти како меѓународна тема*

Локалните конфликти имаат свое влијание и на меѓународната сцена. Како прв аспект преку кој може да се трансформираат локалните конфликти во национални[1] е хуманитарната помош, форми и активности што се остваруваат во рамки на меѓународните граници и меѓународните форуми.

Од крајот на Студената војна сѐ повеќе се прифаќа хуманитарната помош како елемент на интервенција во локалните конфликти. Примерите се бројни. Голем број од ваквите интервенции најчесто се насочени кон малцинството (или малцинствата) кое, покрај другите карактеристики, е и религиозно окарактеризирано.

Втор аспект е тоа што конфликтите по својата природа произведуваат бегалци. Во современите услови тие се со интернационални размери. Дополнително, доколку соседните држави се поврзани и преку религија, многу е едноставно конфликтот да се пренесе и на соседните граници. Како пример се наведува случајот со Југославија во деведесеттите години од XX век.

Исто така, ако имаме ситуација кога еден локален конфликт резултира со позитивен исход, голема е веројатноста дека ќе поттикне конфликт и на друго место. Пример за тоа е Иранска револуција и нејзиното влијание на опозициските движења во муслиманските земји. Слична е ситуацијата и со талибанскиот режим во Авганистан. Сите тие наоѓаат поддршка кај многу воени движења.

---

[1] Кога станува збор за проширување на локалните конфликти на меѓународно ниво, посочените аспекти се манифестираат и на конфликтите кои не мора да се од религиозен карактер. Меѓутоа, фактот дека учество на конфликтите кои се од религиозен карактер во групата на локалните конфликти покажуваат зголемување од 25 % на 60 %, споредено помеѓу 1976 и 2003 година, дава основа да се вклучат и конфликтите кои се од религиозна природа.

Како трет аспект е користењето на меѓународните платформи за промовирање на своите локални интереси. Најчесто тоа се рефлектира преку Обединетите нации (ОН).

### *3.3.4. Транснационалните религиозни феномени*

Во оваа група припаѓаат религискиот фундаментализам, глобалниот тероризам, зголемување на присуството на религијата во концептот на човековите права и конвертирање од една во друга религија. Заедничко за сите е што дејствуваат интернационално и преку свои мрежи ги остваруваат заедничките цели (Fox 2018).

Горespomенатите аспекти говорат за еден факт, а тоа е дека и покрај секуларизацијата, модернизацијата и другите меѓународни активности и движења, религијата треба да се констатира како релевантен актер во глобалниот свет. Како што наведува Самуел Хантингтон (Samuel Huntington), религијата на крајот на дваесеттиот век доживува глобално оживување (Huntington 1996: 64).

Несомнено дека религијата не ја губи својата позиција во општествата наспроти процесите на секуларизацијата во текот на XX век (Matevski 2021; Fox 2018.)

Со оглед на веќе потврдените сознанија за меѓусебното влијание на религијата и политиката, легитимно е да се постави прашањето дали може да се игнорира влијанието на религијата во меѓународните односи.

## 3.4. Улогата на религијата врз разрешување на конфликтите

*Ревитализацијата* на религијата во почетоците на овој век се поврзува со нејзиното влијание на безбедноста и суверенитетот на државите. Ваквата нова позиција на религијата ги предизвикува процесите на секуларизација и модернизација (Foks&Sanders 2004).

Забележителни се анализите на Дарк (Dark 2000: 19-20), кој во своето дело *Религијата и меѓународниот конфликт* истакнува дека религијата покрај

меѓународните организации има влијание и врз меѓународните норми. Тој истакнува дека исламот како транснационална религија има најголемо значење.

Религијата колку што е фактор за конфликт толку е и фактор за мир.

Без намера да се одредува конфликтот, во овој труд конфликтот се разгледува во поширока смисла која ги вклучува сите страни, независно од обемот. Конфликтот се разгледува како насилство што очигледно се случува, не е прикриено, присутно е во општествените структури и култури, во однесувањето, структурите и ставовите и треба да се разреши.

Според Самуел Хантингтон (Samuel Huntington), религиските и културните идентитети се сметаат за иницијатори за конфликти. Ова се однесува на периодот после крајот на Студената војна. Класификацијата е: конфликт на локално ниво (групите припаѓаат на различни цивилизации), помеѓу соседни држави и на глобално ниво помеѓу различни држави кои припаѓаат на различни цивилизации. Хантингтон смета дека постои натпревар помеѓу цивилизациите на глобално ниво, и тој е причина за воен конфликт. Според него, религијата е основата за различниот цивилизациски развој. Во Европа тоа се конфликтите помеѓу муслиманите и немуслиманите (Huntington 1996).

Во однос на религијата и нејзиниот однос кон конфликтот, доминираат мислењата дека религијата може да се најде и во ситуација кога на индиректен начин го поддржува насилството. Поткрепа на ваквите размисли се дискриминацијата и исклучувањето на одредена религиозна група во однос на некоја друга. Друг начин на воспоставување индиректна врска меѓу религијата и насилството е фокусирање на неактивноста на верските групи. Имено, религиозните групи не се активни во предизвикување конфликт, но се пречка за мирот, а тоа се случува кога религиозните лидери не преземаат соодветни активности за намалување на насилството.

Мнозинството експерти за религија, политика, национализам, конфликти и мир се согласуваат дека конфликтите обично се карактеризираат со збир на мотивации и нивните интеракции, а со тоа и анализите на конфликтните фактори не можат да се ограничат само на една од овие димензии, било тоа да е верски, политички, историски или економски.

Ваквите заклучоци се прифатени и од страна на Френсис Стујарт (Frances Stewart). Неговата претпоставка е дека хоризонталната нееднаквост на групите кои се културно дефинирани по разни основи, е причина за насилни конфликти во мултикултурните општества. Спомената различност претставува и разлики во економската моќ, како и разлики во политичко влијание (Frances Stewart 2008). Мултикултурните општества сами по себе не се извор на конфликт, туку се сплет на многу други фактори кои во такво опкружување генерираат конфликт (Fearon& Laitin 2003).

Волф повеќе зборува за етнички конфликти. Според него етничкото и религиозното се преклопуваат. Тој разликува две групи фактори: основни и директни фактори. Во првата група припаѓаат: структурални, политички, економски, социјални, културни и перцептивни. Втората група ги вбројува улогата на лидерите и нивните стратешки погледи, видот и соседните земји и друго (Wolff 2011: 951-972). Директните фактори се всушност акцелератори на конфликтот. Имено етничкиот белег е многу погоден и полесно може да ги мобилизира поединците да го изразат своето незадоволство поради недостаток на ресурси. Поточно конфликтот на тој начин добива етнички предзнак. Тоа е и објаснувањето зошто во слично социоекономско опкружување некаде има, а некаде нема конфликт. Тој смета дека религијата може да биде дел од конфликтот, но не е директен виновник.

Анализите на базата на податоците за конфликтите од 1989 до 2003 година во Упсала говорат дека конфликтите во кои е вклучена религијата со свои барања во конкретниот конфликт, помала е веројатноста да се решат спогодбено (Svensson 2007).

Научно оформените ставови на Галтунг по основа на религијата како причина за конфликт и религијата како промотор на мир, истакнуваат дека секоја религија има свои граници за промоција на мирот. Неговите анализи тргнуваат од претпоставките до кој степен е подготвена одредена религија да ги отфрли провокациите на директното или структуралното насилство. Врз основа на тоа, Галтунг ги оформува следниве категории: хиндуизмот ги отфрла сите форми на насилство и покажува потенцијал за мир. Хиндуизмот јасно го отфрла директното физичко насилство, а го прифаќа структуралното, кое се оцртува во кастинскиот

систем. Исламот го отфрла структуралното насилство, но го поддржува директното, согледано низ доктрината на неговите следбеници да се борат за одржување на исламските верувања. Христијанството ги промовира двете форми на насилство (Galtung 2014).

Расположливата научна литература изразува согласност дека нема лоша или добра религија. Сепак религијата има моќ да го разгори конфликтот, но исто така и да биде столбот на преговорите за мир (Appleby 2000; Haynes 2021; Philpott 2007).

Прашањето дали конфликтот може да се категоризира како чисто религиски или секуларен конфликт, треба да е предмет на критичка анализа. Причинско-последичната поврзаност помеѓу религијата и насилното однесување „...е вкоренета во објавените статистички анализи дека 'религиозните терористи' биле повеќе насилни од нивните секуларни колеги во последните децении". Исто така анализите забележуваат дека во втората половина од XX век постои поместување од антиколонијално и левичарското насилство кон религиозно инспирирано насилство (според Jackson and Gunning 2011: 579). Вака изведените заклучоци се предмет на посериозни критички анализи. Во таа смисла заклучоците што ги сублимираат Џексон и Гунинг се дека секое заклучување треба да биде прецизно контекстуализирано. Утврдено е дека религијата има одредена улога во конфликтот, и тоа е особено така кога политичките и религиските елити одлучуваат дека имаат заеднички интерес да се здружат и да дејствуваат од заедничка платформа. Во такви услови религијата преку својата моќ може да влијае на верниците и да го демонизира непријателот, да ги мотивира верниците да создадат дури и идентитет во групата. Посочените аргументи се сметаат како доволни за да се документираат погоре пренесените ставови дека религиско-етнонационалистите се поостри и поистрајни од секуларните партнери (Jones and Libicki 2008: 36; според Jackson and Gunning 2011: 381).

### 3.5. Трансформативната моќ (потенцијали) на религијата

Следно прашање за кое дискутираат експертите е како да се исползува моќта на религијата во насока на одржување и промовирање на мирот.

Конкретните барања се религијата, а со тоа и културата, да ги користат потенцијалите кои ги имаат за обединување на општествата и промоција на позитивни меѓународни односи (Lederach 2015).

Концептот на разрешување конфликти ги подразбира следните компоненти кои се сметаат и како фази во трансформација на конфликтите. Прво е понуда на нова визија со изразени морални елементи, градење мостови помеѓу страните во конфликтот (како да се пренесуваат своите потреби и очекувања). Второ, процеси на медијација кои би влијаеле на намалување на последиците од конфликтот и како последно е градење на идни историски перспективи во кои не би имало место за минатото (Johnston 2003: 15-18).

Свое внимание предизвикуваат и размислите кои сметаат дека трансформацијата на религиозниот конфликт треба да се случува во сите фази од конфликтот. Тоа се: управување со конфликтите; разрешување конфликти; медијација; постконфликтна изградба на мирот и структуралните реформи. Одговорноста за секоја од оваа фаза е различна.

Во делот за управување со конфликти, јавноста треба да е информирана за тоа која е причината за конфликти и кои се главните актери. Фазата за разрешување на конфликтите вклучува дијалог и едукативни активности кои би придонесле за меѓусебно подобро разбирање на страните, додека медитативните активности се должност на специјализирани канцеларии и на религиозните авторитети.

Интервенции од страна на религиозните лидери се планирани во последните фази, и тоа е постконфликтното градење на мирот и структуралните реформи. Како релевантни во оваа фаза се и хуманитарните организации (Appleby 2000).

Истиов автор издвојува и три фази за трансформација на конфликтот која се реализира во периодот додека трае истиот. *Кризна мобилизација*, ненасилни активности кои се активни додека трае конфликтот, *режим на заситување* подразбира активности кои се преземаат на подолг рок за разрешување на активности и *интервенционистичкиот модел* кој опфаќа обука и се организирани и од верските активности (Appleby 2000).

Релевантната литература која е фокусирана на анализа на начините како да се реши проблемот за значајна димензија го истакнува времето. Така Стил (Steele) истакнува дека концептот на градење на мирот треба да се практикува во еден подолг временски период (Steele 2011).

Во основа прво се решаваат проблемите кои се заеднички за сите засегнати страни. Искуството укажува дека тоа се прво практичните проблеми, а потоа следуваат покомплексните. Во ваков контекст религијата може да биде конструктивен соборец. Имено религијата има потенцијали да развие вредности следејќи ја визијата за заедничка одговорност и посветеност на сите членови на заедницата. Таа визија да ја дисиминира/ат до своите следбеници, и на тој начин религијата ги трансформира тие активности во облици за градење на мирот (Gopin 2000).

Начинот на кој религијата може да стане градител на мирот се разликува во однос на пристапот кој го преферираат авторите. На пример Гопин, кој е припадник на искуствениот и конструктивниот пристап (во Silvesteri & Mayall 2015: 41), смета дека религијата е збир на правила и норми кои се засновани на искуство. За споредба, функционалистите ја гледаат улогата на религијата во насока на декодирање и дешифрирање *на принципите, нормите и правилата во рамките на општеството, и на тој начин се овозможува да се разбере перцепцијата и вредноста на учесниците во конфликтот* (Aroua 2010, според Silvesteri & Mayall 2015: 41). Всушност, примената на конкретните случаи, на некој од претставените теоретски пристапи, претставува истражувачка парадигма при анализа на различни студии на случај. Како за илустрација, во однос на локалниот конфликт помеѓу христијаните и муслиманите во Нигерија, се користи искуствениот пристап на Smock, а во Таџекистан конструктивистичкиот на Битер (Silvesteri & Mayall 2015: 41).

Несомнено улогата на религијата е фактор на влијание во воените конфликти, и во таа смисла недвосмислено треба да биде вклучена во дипломатските напори за нивно надминување.

Меѓурелигискиот дијалог ги доведува на иста маса авторитетите на различните религиски уверувања. Активностите се манифестираат на различни

нивоа, со вклучување на различни учесници, а се за остварување на заедничката платформа.

Меѓурелигиските дијалози се сметаат и како секуларни програми за изградба на мир. Меѓутоа со фактот дека верските принципи се дел од тие програми, ги прави различни од нивните секуларни колеги. „Меѓуверскиот дијалог“ е сè попопуларен одговор на верските конфликти и верскиот национализам. Додека практичарите користат различни пристапи, основната цел на сите проекти за меѓуверски дијалог е да се зајакне верската толеранција и да се промовира мирен соживот.

Покрај зголемената популарност на меѓурелигискиот дијалог, ретко кога овие проекти за дијалог се подложни кон оценување на нивното влијание и ефективност. За да помогне во решавањето на оваа празнина, Иницијативата за религија и мир на Американскиот институт за мир спроведе истражување од кое произлезе публикација што ги оценува постоечките меѓурелигиски програми и програми за дијалог, насловена во оригинал: ,,What Works? Evaluating Interfaith Dialogue Program“.

Директор на проектот и автор на гореспоменатиот извештај е Рене Гарфинкел, клинички психолог и истражувачки научник во Институтот за кризи, катастрофи и управување со ризик на Универзитетот „Џорџ Вашингтон“. Таа има значително искуство во областа на евалуација на проекти, вклучително и оценување на проекти за меѓуверски дијалог. Во овој проект ѝ помогнала Кери Зимелман (Garfinkel 2004).

Во 2020 година е остварен Првиот религиски собир за стратешко верско вклучување - Evidence Summit on Strategic Religious Engagement (SRE), кој ја покрива областа на религијата на развојот во рамките на програмата на Американска агенција за меѓународен развој (УСАИД) и нејзините партнери. Основната цел е да се здружат различните религиски заедници и да ја започнат и зајакнат соработката. На тој начин се јакнат и локалните субјекти. Ова претставува една граѓанска активност која е дел од стратегиите на УСАИД, кои датираат од 2013 година, кога е создадена рамката за Националната стратегија за религиските лидери и вклучувањето на религијата во заедницата на Соединетите Американски Држави. Потребата од ваква иницијатива се објаснува пред сè со фактот дека

религијата станува значаен дел од јавните политики, политички дискурси, социјални ставови и политичките убедувања (USAID 2020).

Религиските институции се сметаат за клучен фактор во градењето на мирот, толеранција и почит кон другите. Непочитувањето и манипулацијата со верските идентитети даваат спротивен резултат. За современите општества меѓурелигиската соработка е незаменлива за стабилно општество.

# 4. РЕЗУЛТАТИ ОД ИСТРАЖУВАЊЕТО

Во овој дел се претставени резултатите од истражувањата кои се однесуваат на присуството на религијата во конфликтен контекст на Западен Балкан преку две земји, а тоа се Босна и Херцеговина и Република Северна Македонија. Податоците за двете држави се претставени поодделно во посебни подделови кои се во функција на документирање на улогата на религијата во конфликтни настани. Пред да се претстави искуството од двете земји, накусо е даден преглед на клучните динамички аспекти на Западниот Балкан.

## 4.1. Западен Балкан – основни карактеристики

Географски терминот Западен Балкан ги опфаќа земјите од југоисточна Европа, кои се дел од бившите југословенски простори и Отоманската Империја. Терминот Западен Балкан се актуализира и политички во контекст на евроинтеграциските процеси. Овој термин за прв пат се користи во 2003 на Самитот на Европската Унија во Солун. Тогаш европските дипломати го користеле овој израз за сите земји од западниот Балкански Полуостров кои имаат аспирации кон ЕУ. Овој регион според локацијата на државите натежнува дека е политички дефиниран регион, а многу помалку географски регион. Од споменатите држави, Албанија припаѓа на јужниот дел од Балканскиот Полуостров, додека Хрватска е земја која припаѓа географски на западниот Балкански Полуостров, а не во таканаречената група Западен Балкан. Како и да е, во однос на овој термин државите никогаш и немале приговор и сè почесто на договорите со претставниците на ЕУ одат на заеднички средби и ги нарекуваат *партнерски земји од Западен Балкан*.

Западниот Балкан низ историска перспектива се смета за срце на војните во западниот Балкански Регион (Rrustemi, 2019: 8). Првата светска војна започнува со атентатот над австрискиот принц Франц Фердинанд во Сараево во 1914 од страна на Гаврило Принцип и поддршката на Србите во Босна. Целта на нападот била да се оформи јужнословенска држава Југославија. Југославија ја сочинувале 6 држави населени со јужнословенско население и без Австрија. Резултат е прогласување на

војна од страна на Австроунгарија кон Кралството СХС и почеток на Првата светска војна.

Одредени нерешени аспекти се префрлија и во Втората светска војна. Пример за тоа е Версајскиот договор, според кој Германија изгубила една територија (Pruitt 2018). Втората светска војна завршува и во 1946 година се формира Федеративна Народна Република Југославија (ФНРЈ), која ја укина оската со монархијата и се оформува нов систем на владеење (социјалистички). ФНРЈ во 1964 година станува Социјалистичка Федеративна Република Југославија (СФРЈ) со шест независни републики (Босна и Херцеговина, Македонија, Србија, Словенија, Хрватска и Црна Гора) и две независни покраини (Војводина и Косово), кои во 1974 година добиваат целосна самостојност. По смртта на Јосип Броз Тито, доживотен претседател на ФНРЈ и СФРЈ, се отвораат новите поглавја на оваа територија, кризни состојби, невработеност, идеи за сепарација и така натаму (Bieber, Galijaš & Archer 2016). Дотогашниот систем на воспоставената солидарност помеѓу северот и западот на СФРЈ, кој бил поразвиен, им помагал на другите делови во источниот и јужниот регион. Се појавуваат идеи за одвојување. Во 1981 година, Албанците од Косово бараат независност, на што се спротивставуваат Србите. На 14. конгрес на Комунистичката партија на Југославија, кој се одржа во 1990 година, промените во системот на гласање резултираа со тоа делегатите од Словенија и Хрватска да го напуштат Конгресот, со што се предизвика политичка, поточно уставна криза. Словенија и Хрватска се одвојуваат, Македонија го следи тој тренд и преку референдум се одвојува во 1991 година, додека Босна и Херцеговина прокламира независност во 1992 година, а Србија и Црна Гора оформуваат Федерација на Републики (Србија и Црна Гора) (Bieber, Galijaš & Archer 2016).

Процесите на независност не поминаа во мир. Се засилува етнонационализмот. Националните сентименти се сè поприсутни во сите новооформени држави и нивната реторика и дејствување се наметна како доминантна, во отсуство на стабилноста на новоформираните држави. Од споменатите држави, Албанија, која не била дел од СФРЈ, не била соочена со конфликт. Другите држави имаат одредено искуство во воени конфликти или војни во различни периоди, но сепак поврзани со процесите на осамостојувањето.

Во табела 1 е прикажана динамиката на селективни случувања во денешниот Западен Балкан.

**Табела 1. Динамика на селективни случувања во транзитниот период**

| | **Земја** | **Дел од СФРЈ** | **Начин на одвојување** | **Неза-висност** | **Етничка структура*** | **Религиозна структура*** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Северна Македонија | да | Мирно | 1991 | Македонци (60 - 65 %), Албанци (20 - 25 %), други | Податоци за 2002: православни христијани (64,8 %), муслимани (33,3 %), католици (0,35 %), протестанти (0,03 %). |
| | Србија | да | Мирно | 2006 | Срби (85-90%), други | Податоци за 2011: православни христијани (91,2 %), исламска вероисповед (3,1 %), католичка вероисповед (4,97 %). |
| | Албанија | не | | | Албанци (95 - 98 %) и други | Податоци за 2011: исламска вероисповед (суни 56,7 %, бекташки ред 2,1 % ), католичка вероисповед (10,0 %), протестанти - евангелисти (0,14 %) |
| | Косово | да | тензично; НАТО-интервен-ција | 2008 | Албанци (90 - 92 %), Срби (5 - 7 %), други | Податоци за 2011: исламска вероисповед (85,6 %), католичка вероисповед (2,2 %), православни христијани (1,4 %) |
| | Црна Гора | да | мирно | 2006 | Црногорци (45 - 50 %), Срби (30 - 35 %), Босанци (8 - 10 %), Албанци (5 %) и други | Податоци за 2011: православни христијани (72,0 %), исламска вероисповед (16,0 %), католичка вероисповед (3,5 %). |
| | Босна и Херцеговина | да | конфликт | 1992 | Босанци (50 - 55 %), Срби (30 - 35 %), Хрвати (15 %) и други | Податоци за 2013: исламска вероисповед (50,7 %), православни христијани (30,7 %), католичка вероисповед (15,2 %), други (3,4 %) |

*Извор: Табелата е составена од страна на авторот врз основа на податоци и сознанија стекнати во текот на истражувањето. *Rakaj Leonie и други. 2019. Role of religion in the Western Balkans' Society. Institute for Democracy and Mediation (IDM)*

Во Босна и Херцеговина, Србите и Хрватите си прогласија независност во регионите во кои претежно живееле Срби, односно Хрвати, и тоа во Република Српска и Хрватска Република во Босна и Херцеговина. Ваквите територијални отцепување предизвикаа војна во Босна и Херцеговина. Косово прогласи независност во 2008 година, на што претходеа постојани тензии со Србија како резултат на нивните настојувања да се одвојат од Србија, кои имаат почетоци уште во 1981 година. Конфликтот кулминираше во воен конфликт (во периодот од 1998 - 1999, а се вклучи и НАТО со воена интервенција).

Сметајќи од периодот по независноста на државите, тие имаат заеднички именител, а тоа е нестабилност во економска, политичка, социјална и друга смисла на зборот. Прогресот, како и високиот бруто-општествен приход (БОП) кој го имале до периодот од одвојувањето од СФРЈ, е заменет со регрес (Rrustemi 2019: 9-10). Демократијата е воспоставена, но анализите на изборните процеси упатуваат на двоумење помеѓу автократија и демократија. Поради тоа овој регион се соочува со многу предизвици, и тоа во сферата на воспоставување политички функционална околина, безбедносна стабилност и интеграција во ЕУ. Ваквата констелација го дефинира овој регион како *геополитичка загатка* (Rrustemi 2019; Bonomi & Reljic 2017). Дополнително, глобализацијата која овозможува силна интерконекција и интернезависност помеѓу државите ја олеснува врската на овој регион со дијаспората и го зголемува безбедносниот ризик со тоа што лесно овозможи физичките граници да не се препрека за врска со дијаспората. Во еден ваков контекст државите се подложни и на надворешни влијанија.

За почеток надворешниот фактор се забележува на овие територии и по завршувањето на војните и воените конфликти во Западен Балкан. Се изразува преку меѓународни организации, фондации и хуманитарна помош на разни организации. Присуството на ЕУ е уште посилно. Се изразува низ финансиска помош, вложувања, надворешна трговија, дигитализација во регионот во сферата на економијата, во истражувањата, медиумите и сигурносниот аспект.

Присуството на Соединетите Американски Држави, Велика Британија и Австрија се бележи низ вложувања во бизнис-секторот. Исто така се бележат и проектни и програмски активности насочени кон намалување на безбедносните

предизвици и реконструкции во регионот по војните, давајќи финансиска и логистичка поддршка на невладиниот сектор (Rrustemi 2019: 12-15).

Русија, Кина, Турција, Иран и земјите од Заливот имаат забележително влијание изразено преку вложувања. На извесен начин, поединечни држави од Западен Балкан имаат и традиција во односите, како, на пример, Русија и Србија, но се етаблираат и нови канали за промоција, пример, Русија и Кина преку култура и јазик. Русија и Кина вложуваат во гориво и гас, транспортна инфраструктура, воена индустрија.

Иран и Турција имаат поврзаност со државите во кои има значително учество на припадници на исламот. Во односот помеѓу Турција и Србија, религиозниот момент нема значајна улога. Србија негува добри односи со Турција, како и со земјите од Заливот. Вложувањата од Турција се во сферата на образованието, трговијата и реконструкција на исламските верски објекти (Birnbaum 2013). Од земјите од Заливот се издвојуваат Саудиска Арабија, Обединетите Арапски Емирати и Катар, кои бележат вложувања во градежништвото и други бизнис-релации, градење на исламски верски објекти, како и вклученост во културни, образовни и религиозни активности без речиси каква било преференција на земјата (Vasovic 2018; Shepard 2016).

Во овој дел се претставени анализите од истражувањата врз основа на секундарен извор на податоци кои се однесуваат на присуството на религијата во конфликтен контекст на Западен Балкан со осврт на Босна и Херцеговина и Република Северна Македонија.

### 4.2. Босна и Херцеговина – контекст на проблемот

Босна и Херцеговина е држава која одвојувањето од СФРЈ го искусува преку воен конфликт, кој траел од месец април 1992 година до месец декември 1995 година.

Историски, во босанското општество етничкиот и верскиот идентитет се преклопуваат и во секојдневието се користат како синоними и наизменично. Религијата се смета како одредувач на идентитетот и на колективното уште од XIX век. Во напливот на национализмот, религијата станува извор на личниот

идентитет и идентитетот на заедницата (Abazović 2015). Значајно е да се истакне дека религиските институции се поистоветуваат со политичките програми на националните партии. Религијата како да ја доживува ренесансата. Верските лидери со своја реторика и значење учествуваат во градење на нацијата. Религиозната реторика се промовира преку медиумите низ говорот на верските водачи и верските ритуали. Верските институции се и финансиски поддржани од страна на националистичките верски лидери. Во услови на дестабилизација и страв, поединците засолништето го гледаа во религиите. Религијата во Босна и Херцеговина беше идентитетски белег преку кој се идентификуваше идентитетот на поединците и групите (на трите етнички групи). Религијата беше прифатена, а религиозните лица ја користеа религијата и симболите во насилни активности кон сите кои не беа со нивниот етнорелигиски идентитет (Mojzes 2011).

Како и многу други републики кои ја сочинуваа СФРЈ, и Босна и Херцеговина е земја со мултиетничко општество, која во тој период беше составена од 44 % Босанци, 31 % Срби и 17 % Хрвати. Етничкиот елемент ја конфигурира државата на три религии, и тоа ислам, православни христијани и католички христијани. Во војната беа вклучени сите три етнорелигиски групи, а НАТО имаше своја војна интервенција, по која следеше потпишување на Дејтонскиот договор за мир во декември 1995 година. Договорот ја подели државата на два политичка ентитета. Тоа се Федерација на Босна и Херцеговина и Република Српска. Земјата е поделена на кантони. Трите етнички групи се дел од Уставот. Босна и Херцеговина и по склучениот мир останува нестабилна и силно поделена помеѓу етнорелигиските групи.

### *4.2.1. Религискиот фактор во војната*

Прва поставена тема за дискусија е да се опише улогата на религијата во војната во Босна и Херцеговина и на кој начин се изразува религиозната димензија на конфликтот.

Релевантните анализи издвојуваат три насоки. Првата е дека војната била религиска по својот карактер, потоа етнорелигиска војна и на крај дека преку

војната се испорачале „сметките од изгубениот рај“ што постоел во минатиот период.

Во табела 2 е претставена поделбата на размислувањата во однос на улогата на религијата во војната во Босна и Херцеговина.

**Табела 2. Религискиот фактор за војната во Босна**

| **Насоки** | **Релацијата помеѓу религијата и војната** | **Улогата на религиозните институции и лидери во конфликтот** | **Претпоставки и последици за преговори** |
|---|---|---|---|
| **Религиска војна** | Религијата *per se* како причина за војна | Поради „древните омрази“ базирани на верски разлики и нетрпеливост, избувна војна | Религијата не може да биде фактор за помирување |
| **Етнорелигиска војна** | Не религијата, туку „политизацијата на религијата“ и „сакрализацијата на националното“ се причините за војната | Активна улога во поддршката на националистичките политички програми и оправдувањето на војната | Религиозното толкување и верските водачи треба да се променат, денационализација на црквите, „десакрализација на религијата“ |
| **„Изгубениот рај”** | Религијата беше манипулирана заради конфликтот | Верските водачи и институции немаат никаква врска со насилството | Верските институции треба да го прекинат молкот во случај на злоупотреба на религијата |

*Извор*: *Omerović 2017: 16-17.*

Аргументите за првата опција се поврзуваат со искуството што Босна и Херцеговина го има за време на СФРЈ.

Граѓаните во тој период не биле религиозни и религијата не се манифестирала како значаен елемент од секојдневниот живот. Со одвојувањето од СФРЈ, религијата како повторно да се открива и започнуваат борбите помеѓу различните религии.

Неколку автори директно ја поврзуваат ескалацијата на конфликтот со обновување на религиите, а се поврзува и директно со религиозниот фундаментализам. Аргумент во однос на овие тврдења е: првиот претседател Алија

Изетбеговиќ во својата книга *Исламска декларација* го претставува концептот за исламизација на Босанската држава. Босанците го идентификувале Изетбеговиќ повеќе како религиски лидер отколку како претседател на државата. Како дополнителен аргумент е дека во воените дејствија и преку облеката на војниците се препознаваат елементи од религиските групи. Исто така во делот на регрутирање на војниците се препознаваат старите обрасци на омраза препознатливи на Балканот. Според оваа група автори, религијата се согледува како проблем и како таква е пречка за помирување и до ден денес (Mojzes 2011; Cohen 1998; Flere 2012).

Ќимиќ Есад (Ćimić Esad) го застапува мислењето дека војната во Босна и Херцеговина не е верска војна. Тој тргнува од првата претпоставката, а тоа е за да се класифицира една војна како верски мотивирана, треба да претпоставува борба помеѓу две религии. Во случајот на Босна и Херцеговина се борат три религии кои во различни услови се или сојузници или противници. Така муслиманите се против христијаните, а заедно се против католиците. Втората претпоставка од која тој тргнува е дека сите религии имаат морална рамка, која е заедничка за сите. Тоа подразбира достоинство, човекови права и слободи за сите. За жал, војната во Босна и Херцеговина изобилува со екстремни форми на насилство и злосторства кои ниту од далеку не се вклопуваат во моралната рамка. Тоа се аргументите на Ќимиќ, кој го поддржува ставот дека во Босна и Херцеговина војувале припадници на верските заедници, но не и религијата сама по себе (Ćimić 1994: 611-628).

Религиозните лидери се користеле за да се прикријат агресијата и теророт. Религиските симболи според Ќимиќ се користеле за да се изрази културната припадност на заедницата. Во услови кога нема демократија, национализмот и исклучиво политички профаните интереси биле мотив за војна.

Аргументите дека војната во Босна и Херцеговина била етнорелигиска по својот карактер е дека војната не била поради религијата сама по себе, туку дека религијата служи како оправдување за војна. Карактеристиките за етнорелигиските војни е идентитетот да е базиран на етнорелигиозна основа, религијата да има значење во легитимирање на воените дејствија и да се употребуваат верски текстови за мобилизирање на населението.

Во Босна и Херцеговина националното се идентификува со припадност на верата и доведува до придвижување на конфликтот.

Босанскиот конфликт се оценува како етноверски конфликт со аргументите дека во него биле вклучени страни што се дефинираат по верска линија, потоа дека се случувал во општество во коешто религијата е интегрален аспект на општествениот и културниот живот и каде што верските институции претставуваат значителен дел од заедницата, поседуваат морален легитимитет и се способни да допрат и да ги мобилизираат приврзаниците. Тие се нарекуваат етноверски конфликти, затоа што е невозможно да се одвои религиозната компонента од етничката припадност.

Аспектот дека со војната во Босна и Херцеговина се манипулирало со религијата се поврзува со периодот пред војната, кога на истата таа територија религијата немала никаква улога за раздвојување, идентификација и слично. Тоа бил период на етничка хармонија, религиска толеранција и стабилни односи помеѓу групите (Bringa 1995*:* 54 - 55. Припадноста на религијата или етницитетот немале значење за животот во заедницата и склучување бракови.

Војната во Босна и Херцеговина е одредена како **идентитетски центриран конфликт** во кој верските институции биле вклучени или со поддршка или со заладување на конфликтот. Религијата, религиозните симболи, митовите и сликите биле користени за оправдување и легитимирање на националистичките стратегии и војната.

За да бидат активни играчи во општествените промени, верските институции треба да ги денационализираат своите цркви и да го десакрализираат националното. Дискусијата покажува дека е погрешно да се поистоветува Босанската војна со верска војна и лажно да се заклучи дека религијата сама по себе го попречува градењето на мирот и помирувањето. Да се отфрли активното вклучување на верските претставници од друга страна не е изводливо, бидејќи постојат различни примери кои го докажуваат фактот.

### *4.2.2. Учесници во војната*

Анализите упатуваат дека за време на воениот период во Босна и Херцеговина се јавуваат многу страни со сопствени интереси и видувања. Тоа се следните:

- муслимански Босанци;
- православни Срби;
- католички Хрвати;
- локални верски водачи;
- меѓународни верски водачи;
- верски хуманитарни организации;
- Хрватска;
- Србија;
- меѓународна заедница (особено НАТО) (Silvestri & Mayal 2015).

### *4.2.3. Религијата како фактор на влијание*

Според одредени научни истражувања, оценките се дека религијата имала негативна улога за време на војната во Босна и Херцеговина. Тоа се однесува како на лидерите така и кога се говори за религиските идентитети. Гласот на разумот низ кој ќе се промовира мирот го немало или, пак, бил тивок. Дури и многу години по крајот на војната, религијата во основа не е искористена и не е вклучена во промовирање на мирот во подвоеното општество. Идентитетот беше клучен фактор за војната. Колективниот идентитет е всушност основата за мобилизирање на народот за учество во конфликтите.

Всушност војната во Босна и Херцеговина наметнува потреба од поствоени активности насочени кон одржување на мирот, и тоа треба да ги земе предвид идентитетот, жалбите и споделување на моќта (Kivimäki, Kramer&Pasch 2012).

Улогата на религијата во војната во Босна и Херцеговина се поврзува со историјата на просторите на СФРЈ и улогата на религијата во истиот период. Босна и Херцеговина отсекогаш била територија на која живееле и опстојувале муслиманите и христијаните. Според анализите на Кивимаки, амбиентот во СФРЈ и Босна и Херцеговина во неа е оценет како услови кои не погодувале за намалување на верските и етничките разлики. Не се манифестирала инклузивност на сите етнички групи подеднакво. Експлицитни релации не се забележени, меѓутоа во јавниот дискурс такви констатации се присутни.

Ваквата констелација овозможувала полесен пристап на политичкиот фактор до граѓаните, поентирајќи ја етничката и верската припадност, поточно различност и манипулирање со нивните карактеристики и нивна инструментализација. Ова е особено важно затоа што политичката елита имала етнонационални цели и била подготвена на разни злосторства и нивно оправдување заради постигнување на сопствената цел. Според релевантните анализи, религијата сама по себе не ја гледаат како причина за војна, туку политиката ја вовлекла религијата во сопствената војна, и на тој начин не создала ништо друго освен тензија и омраза помеѓу луѓето (Silvestri & Mayal 2015).

Религијата како причина за војна се поврзува со моделот на Хантингтон и судирот на цивилизации. Пресликано на Босна и Херцеговина претставува меѓусебна поврзаност помеѓу католичките христијаните (Запад), православните христијани (Исток) и исламската цивилизација. Конфликтот е согледан во тоа што трите групи ја сметаат истата територија како нивна и се борат за неа. За други автори, религијата и анатагонизмот постоеле отсекогаш на тие простори, и на тој начин соседите се во постојан конфликт помеѓу себе (муслиманите против православните христијани и против католичките христијаните). Тоа го покажуваат и истражувањата на јавното мислење (Skoko 2010; Silvestri & Mayali 2015). Во таа смисла, на религијата не се гледа како на фактор на помирување.

Улогата на локалните лидери е оценета како негативна. Нивната улога е воочена повеќе во радикализација на етнорелигиозните групи. Се наведува дека лидерите на православните христијани кои се по етничка припадност Срби, давале целосна поддршка за казнување на секуларните лидери.

Забележана е вклученоста на меѓународните религиозни лидери (кои имале позитивна и негативна улога во зависност од општествено-историскиот контекст). Тука се мисли на Православната христијанска црква, која преку свои активности ги поддржувала воените конфликти и нивните лидери (како, на пример, Караџиќ). Католичката црква не презела активности кои би оделе во насока на намалување на конфликтот. Муслиманите во Босна имале воена помош и поддршка од муслиманските борци од други држави, како Авганистан (Silvestri&Mayali 2015).

*Меѓународна помош*

Воопштено, верските лидери на меѓународно рамниште не презедоа конкретни активности преку кои ќе промовираат мир и ќе даваат позитивни препораки. Професорот од Лидс, водечкиот католички историчар Хестингс Адријан оди понатаму, обвинувајќи ја европската верска заедница дека ги затворила очите на трагедијата што се случува во Босна (Patterson 2013: 7).

Доминацијата на меѓународните верски организации е во делот на **хуманитарна помош** која ѝ ја дадоа на Босна и Херцеговина во повоениот период, како што се *Исламска помош во светот* (Islamic Relief Worldwide), *Обединети методистички комитет за помош* (United Methodist Committee on Relief), *Католички социјални услуги* (Catholic Social Services), *Каритас* (Caritas) и *Беневоленција* (Benevolencija) (Silvesteri & Mayall 2015).

Постконфликтните активности насочени кон градење и одржување на мирот беа поддржани од Еуродиаконија (Eurodiaconia), Советот на европските цркви (the Council of European Churches) и Светскиот совет на црквите (the World Council of Churches).

Обуки, семинари, како и други заеднички активности поврзани со градењето на мирот беа поддржани од страна на младински организации како што се: Ecumenical Council of Europe and the Forum of European Muslim Youth and Student Organisations.

Меѓурелигискиот дијалог, како една од главните алатки за разрешување на конфликтите и иницијативи за одржување на мирот, бил поддржан и во него учествувале бројни независни европски и американски организации (Silvesteri&Mayall 2015: 68).

Безусловно потенцијалите на мировните активности треба да се разгледуваат во еден поширок контекст. Дејтонскиот мировен договор (ДМД), кој значеше прекин на воените дејствија, констатира дека Босна и Херцеговина е заснована на слаб политички систем и тој изгледа обесхрабрувачки за некоја меѓуетничка соработка (Perry 2009: 207 - 231).

Договорот создаде два ентитета (Федерација Босна и Република Српска) кои се етнички и религиозно поделени. Посочената поделба е забележлива во

секојдневните активности и комуникации. Идејата за одвојување на Република Српска сè уште опстојува и активно се манифестира. Во едни вакви околности, легитимно е прашањето за потенцијалите на религијата да ја пополнат празнината што политичката инфраструктура нема влијание да ја пополни.

Врз основа на спроведени истражувања, се поставува позитивна корелација помеѓу степенот на религиозноста и значењето на процесите за помирување, како и улогата на верските лидери. Како што истакнува Абазовиќ, доколку црквите го искористат својот престиж и својата силна поврзаност со своите народи дефинирајќи го помирувањето како национален интерес, црквите и религиозните групи би можеле да одиграат значајна позитивна улога во процесот на помирување (Abazović 2014).

Оправдан е и скептицизмот во однос на реалните можности верските заедници да бидат тие што ќе создадат услови за одржување на мирот. Овие аргументи се поврзуваат со тоа дали постои или не постои политичка теологија на помирување, како и институционална автономија.

Политичката теологија на помирување подразбира јасно дефиниран збир на принципи и норми кои ги анимираат и информираат религиозните актери во нивната позиција кон транзициската правда и нивните основни доктрини за политичкиот авторитет и правда.

Институционална автономија или диференцијација значи дека религиозните актери и институции биле независни од режимот за време на војната или за време на неговото авторитарно владеење и ја задржале својата автономија во текот на транзицискиот период. Филпот Даниел заклучува дека на верските заедници во бившите држави на СФРЈ им недостасуваат овие две карактеристики, па како такви религиите не би можеле да играат голема улога во влијанието врз процесот на транзициската правда на нивните влади, политичката теологија на помирување и институционалната автономија (Philpott 2007: 101–102).

Повторно, минатото е причина за ваквата ситуација. Верските заедници во поранешна Југославија имале слабо или никакво влијание во развојот на општеството и прилично изолирано дејствување. Ваквото влијание продолжува и по војната.

Дополнително, верските заедници и нивните лидери немаат целосна поддршка како од меѓународната така и од домашната заедница за нивно вклучување во постконфликтното општество. Аргументите за таквата ситуација се наоѓаат во фактот дека сепак и верските лидери и организации учествувале во војната, и на тој начин се констатирани како некој што не може да даде ефективни решенија, особено од страна на меѓународната заедница.

Иницијативите преземени од страна на домашните верски заедници не биле доволно силно поддржани од страна на меѓународната организација, ниту биле сами доволно економски моќни за да имаат влијание во нивното општество.

Секако дека треба да се споменат и иницијативите на меѓународните организации од меѓурелигиско рамниште кои беа насочени кон помирување и зближување на верските заедници.

*Мислењето на граѓаните за улогата на религијата*

Во академските кругови во Босна и Херцеговина особено внимание се посветува на следење на процесот на помирување и по речиси 30-годишниот период од потпишување на Дејтонскиот договор. Главно истражувањата се околу следните прашања: видот на стратешките пристапи кои се вклучуваат во процесот на помирување; потоа можностите за вклучување на јавниот сектор во процесот на помирување; како и овој однос со невладиниот сектор; дали е возможно вклучување на разни подгрупи на граѓанскиот сектор во процесот на помирување; каква е улогата на религијата во јавниот сектор во процесот на помирување.

Според спроведеното истражување во 2012 година, насловено како „Истражување на ставовите во четири градови и региони – Бања Лука, Мостар, Бугојно и Сараево“[1], самиот процес на преговарање е значаен за 88,2 % од

[1] Истражувањето е спроведено од страна на Универзитетот во Единбург и Центарот за емпириски истражувања за религијата во Босна и Херцеговина. Ова е прво истражување кое е спроведено во рамките на проектот „Религијата и етиката во градење мир“. Големината на примерокот изнесува 616 испитаници, и тоа од четири града: Бања Лука, Бугојно, Мостар и Сараево. Ова се карактеристични регии во Босна и Херцеговина. Репрезентативноста е според пол, возраст и етничка припадност. Изборот на испитаниците се вршел на јавни места. Анектниот прашалник сами го пополнувале испитанците, со обврска да одговорат на сите прашања. Анкетниот прашалник содржи блок прашања што се однесуваат на: а) помирувањето и градењето доверба; б) транзициска правда.

испитаниците. За нив мирот, градењето доверба и помирувањето се особено важни цели кои треба да се спроведат во процесот на помирување. Разлика во однос на припадноста на конкретната религија, не се забележува.

Постојат разлики во одговорите помеѓу градовите, како и помеѓу доминантната и малцинската *етничка и верска група.* Мнозинската група верувала во процесите на преговарање и заложеноста на јавноста, а малцинската искажувала спротивно мислење.

*Степенот на религиозноста* влијае позитивно врз оптимистичките ставови кон процесите на преговарање. Разликата се воочува помеѓу градовите во однос на учество на религијата и нејзината важност во однос на помирувањето.

Од аспект на тоа каква улога имале испитаниците во војната, учесниците во војната изразуваат поголема доверба во однос на помирувачките процеси за разлика од оние што се бегалци.

На прашањето за тоа кој може да има најсилно влијание за да се изгради довербата и сигурноста во земјата, на прво место се наставниците и образовните институции, додека улогата на религијата во процесите на помирување е со просечна оценка од 2,71 на скала од 1 до 4. Всушност религијата била на претпоследно место, пред локалните политичари. Според истражувањата, малку повеќе од две третини сметаат дека верската и етничката поделеност ја предизвикува политичкиот врв (Wilkes и други 2012: 14-29).

Истражувањето спроведено во 2013 година ги мери ставовите на граѓаните во однос на процесите на помирување во 13 градови во Босна и Херцеговина[2]. Според резултатите, јасен е ставот на граѓаните, а тоа е дека 75,4 % веруваат во процесите на помирување и даваат поддршка. Разликите помеѓу градовите се незначителни. Споредбената анализа со истражувачките резултати од 2012 година

---

https://www.research.ed.ac.uk/en/publications/reconciliation-and-trust-building-in-bosnia-herzegovina-a-survey-

[2] Истражувањето е спроведено како второ анкетно истражување во рамките на проектот,,Религијата и етиката во градење на мир“ спроведено од страна на Универзитетот во Единбург и Центарот за емпириски истражувања за религијата во Босна и Херцеговина. Анкетното истражување е спроведено во 13 градови (Сараево, Мостар, Бања Лука, Столац, Јајце, Тузла, Сребреница, Ливно, Бијељина, Брчко, Требиње, Бихаќ и Теслиќ) во Босна и Херцеговина во мај 2013 година. Вкупниот број на испитаници бил 2060. Анкетниот прашалник се состоел од 73 прашања и со интенција да се разбере односот на јавноста кон процесот на помирување и да ги открие факторите кои влијаат на оформување на градењето на доверба.
https://pure.rug.nl/ws/portalfiles/portal/145913330/Edinburg_Eng.pdf

укажува дека трендот на мала доверба кон религијата како фактор во процесот на промовирање е непроменет. Религијата, заедно со политичарите се сметаат за фактори со најниско влијание врз процесот на помирување, и тоа е изразено со 54,3 % и 48,6 % (Wilkes, и други. 2013: 7-8).

Третото во низа истражувања на проектот „Религијата и етиката во градење на мирот" е спроведено во текот на 2018 година[3]. Според податоците, најзастапено мислење е дека политичарите ја поттикнуваат верската и етничката поделеност во Босна и Херцеговина.

Корупцијата се согледува како најголем проблем и влијае на губење на довербата кај граѓаните. Според резултатите, коруптивното однесување е присутно и во верскиот систем. Како пример се наведува дека политичарите ги „купуваат" верските службеници за тие да ги промовираат и убедуваат верниците на верските собирања. Во еден ваков контекст, општеството се соочува со тоа дека релевантни сектори, меѓу кои и религијата не се вклучени во процесот на градење меѓуетничка доверба и помирување. Меѓурелигискиот совет постои, но дејствувањето на религијата не е во правец на помирување, а како главна причина се наведува политиката (Zotova и други 2021: 18-24).

*Стратешки пристапи во процесот на помирување*

Во Босна и Херцеговина постои стратешки пристап кој треба да го води процесот на помирување. Концептот на инклузија е приод кој е идентификуван како пристап што може во најголем дел да даде придонес во процесите на помирување. Инклузијата треба да е присутна во сите релевантни сфери на дејствување, особено и на религијата и верските личности. Ваквиот стратешки пристап е прифатен и од страна на испитаниците во споменатото истражување

[3] Истражувањето е продолжување на проектот„Религијата и етиката во градење на мир" спроведено од страна на Универзитетот во Единбург и Центарот за емпириски истражувања за религијата во Босна и Херцеговина. Проектот е насловен како „Улогата на верските заедници во процесот на помирување во Босна и Херцеговина". Користена е квалитативна истражувачка стратегија. Како методи за собирање податоци се интервјуа и фокус-групи. Истражувањето е спроведено во 13 градови. Спроведени се 77 интервјуа и 6 фокус-групи. Целта на бирање на единиците на примерокот е да се претставаат различните дискурси на различните мислења во однос на помирувањето. Критериуми за селекција на примероците биле религијата, образованието, политиката, информирањето, економијата и невладиниот сектор https://ceir.co.rs/upload/2021/Izgradnja-povjerenja-i-pomirenja-u-BiH.pdf

спроведено во 2018 година[4]. Според податоците, 74 % од интервјуираните лица ја поддржуваат инклузијата, а која подразбира прифаќање на лицата со различно потекло и идентитет во заедничките активности и во активностите на помирување. Инклузијата за поголем број од испитаниците треба да дојде од народот, и тоа преку зајакнување на народот и на поединците, образование на народот, активна демократија и учење како конструктивно да се решаваат конфликтите, да се надминуваат предрасудите и да се лечат траумите (Zotova и други 2021: 238-269)

*Религијата во процесите на инклузија*

Улогата на религијата во инклузивниот пристап се согледува низ следново: како може религијата да придонесе во процесот на помирување, потоа на кои препреки наидуваат верските лидери во процесот на помирување и како другите професии гледаат на религијата како фактор на помирување. Идентификувани се две групи мислења кои се независни од религиозната припадност.

Првата е дека религијата треба да се занимава само со верата и да не се меша во други прашања, а втората е дека религијата е заштитник на нацијата и треба да се занимава и со тие прашања. Преовладува мислењето дека религијата не е фактор за поделби и насилство. Се истакнува улога на лидерот на религиската институција, кој не треба да отстапува од моралните вредности, верата, толеранцијата кон религиски другите и своите убедувања да ги презентира на конструктивен начин.

Заклучоците од истражувањата спроведени во 2018 година се дека религијата се смета за фактор на влијание во процесите на помирување, дури и повлијателен од политичкиот, но со дополнување дека верските заедници треба повеќе да комуницираат меѓу себе, верските претставници да се постојани во своите ставови и да се внимава на други фактори што може да ги инволвираат во компромитирачки активности, мислејќи пред сè на националистичките.

Религиите имале активности од заеднички карактер кои се во основата на активностите меѓу религиските претставници на локално ниво. Во оваа смисла со право се смета на улогата на верскиот лидер, на неговите способности и вербата во

[4]Информациите за истражувањето се исти како во фуснота 2.

себе дека може да има влијание на процесите на помирување. Одговорите на секуларните институции се дека верските лидери имаат улога, но дека таа не е искористена (Zotova и други 2021: 335-347).

Помирувањето, воспоставувањето стабилен поредок и квалитетни односи во Босна и Херцеговина се приоритети по воениот период, но не се остварени во целост. Довербата и помирувањето се идентификувани и од страна на граѓаните како значајни аспекти. Меѓутоа граѓаните забележуваат дека постои идеолошка, политичка и медиумска манипулација од страна на политичката елита и оценуваат дека тие немаат никакво влијание на нив. Религијата е фактор на подвојување во физичка смисла на зборот. Граѓаните се хомогенизираат според религијата и етницитетот во смисла на физичко групирање на локално и национално рамниште (Kuburić & Zotova 2021: 86-87).

### 4.3. Република Северна Македонија – контекст на проблемот

Социјалистичка Република Македонија како дел од Социјалистичка Федеративна Република Југославија, во 1991 година на 8 септември по пат на референдум ја прогласи својата независност и одвојување од тогашната СФРЈ. Од тој ден Република Македонија има повеќепартиски систем, повеќепартиски парламент и според највисокиот парламентарен акт е дефинирана како суверена, самостојна, демократска и социјална држава (https://www.sobranie.mk/ustav-na-rm.nspx).

Одвојувањето на Социјалистичка Република Македонија од СФРЈ и стекнувањето независност се оствари по мирен пат, додека другите делови од регионот се соочуваа со драматични ситуации, како што беа конфликтни инциденти во Словенија, војна во Хрватска, војна во Босна и Херцеговина, а потоа и санкции кои и економски ја дестабилизираа земјата. Во согласност со можностите, Република Македонија се развиваше постепено, пред сè во економска смисла на зборот. Во еден таков релативен мир, со сериозни реформи и

макроекономска стабилност[1], во земјата се случува конфликт што започна во јануари и заврши во август 2001 година.

Во тој период, како и сега, Република Северна Македонија е мултиетничка држава со мнозинство Македонци и други етнички групи кои се со различно учество во вкупното население според трите спроведени пописи за населението од периодот на осамостојувањето, и тоа 1994, 2002 и 2021 година. За илустрација, според податоците од последниот попис, како Македонци се изјасниле 58,44 %, како Албанци 24,30 %, како Турци 3,86 %, како Роми 2,56 %, како Власи 0,47 %, како Срби 1,30 % и како Бошњаци 0,87 % (stat.gov.mk). Етничкиот белег, како и во другите држави кои припаѓале на СФРЈ, во најголем дел се поклопува со религиска припадност и изјаснување на граѓаните. Во македонски контекст тоа се следбеници на православното христијанство (главно Македонци, Власи и Срби) и на исламот (главно Албанци, Турци, Роми и Бошњаци).

Воените дејствија на конфликтот започнаа на 11 јануари 2001 година. Беа лоцирани во северозападниот дел од Република Македонија, како и во дел од Скопскиот Регион. Без сомнение рефлексии имаше врз целата држава, а и воена мобилизација. Како единствено конечно решение за разрешување на конфликтот е потпишаниот Рамковен договор на 13 август 2001 година, во Охрид. Охридскиот рамковен договор (ОРД) е потпишан од страна на четирите најголеми партии, а покровител беше Претседателот на државата и претставници на Меѓународната заедница (МЗ). Потпишаниот договор ги запрел воените дејствија. Според договорот, Македонија останува суверена држава која се протега на дадената територија и го зачувува унитарниот карактер.

Република Македонија се обврзала и јавно да го промовира мултиетничкиот карактер, и тоа преку децентрализација, недискриминација, правична застапеност, парламентарни процедури и образование.

Рамковниот договор донесе уставни промени проследени со законски измени. Со договорот се гарантира територијалниот суверенитет и интегритет на државата, а дополнувањата се однесуваа во однос на промена и реорганизирање на

---

[1]Во 2000 година се бележи највисок пораст на БОП од 5,1 % од периодот на осамостојувањето. Невработеноста е висока, но 2000 година покажува намалување (Раст и други 2003)

позицијата на етничките заедници. По потпишување на ОРД, се менува амбиентот на економски, социјален и политички план.

Стабилноста и мирот, економската моќ на граѓаните, политичкото влијание на државата во регионален и поширок контекст, се во надолен тек. Во пораст е корупцијата и непочитување на законите.

Државата, како и невладиниот сектор ги користат можностите кои им се на располагање во функција на унапредување на соживотот, мирот и стабилноста на земјата. Како еден од релевантните сегменти на овој процес е и религијата. За тоа сведочат државните институции кои се одговорни за религиозниот амбиент во Република Северна Македонија и невладиниот сектор.

Прашањето во однос на причините за конфликтот сѐ уште се актуелни и по прекин на конфликтот. Се смета дека доколку се откријат причините за конфликтот, ќе се знае како тој да се реши. Во преносно значење, конфликтните насилни дејствија во Република Северна Македонија се завршени, но истиот тој конфликт сѐ уште е нерешен.

Постојат убедувањата дека ОРД води и до сепарација, што се документира со истражувањата за јавното мислење во однос на перцепциите на граѓаните за општественото значење на ОРД.

Како пример, истражувањето „Проценка на реинтеграцијата на раселените лица и ревитализација на регионите погодени од конфликтот во Македонија“[5], конкретно истражување кое ја опфаќа територијата на Општина Куманово, упатува дека и по 10 години од имплементација на ОРД ставовите на граѓаните се разликуваат според етничка основа. Македонците имаат доминантно негативно мислење, а кај Албанците преовладува позитивно мислење (Раст 2003: 34).

Факт е дека оттогаш во Република Македонија работите не се исти. Очекувањата во однос на општата позиција на државата не се исполнети. Државата

---

[5]„Процена на реинтеграцијата на раселените лица и ревитализација на регионите погодени од конфликтот во Македонија“ ги претставува истражувачките наоди на студијата спроведена како заеднички проект на Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС) и непрофитната консултантска фирма од Германија ФАКТ. Истражувањето се спроведе во период од август до октомври 2003 година. Целта на проектот е да се процени успехот на две постконфликтни активности, а тоа е реинтеграција на внатрешно раселените лица и бегалците како последица од воениот конфликт во 2001 година и ревитализација на областите што беа погодени од него. Студијата користи секундарни и примарните податоци. Примарните податоци се собрани преку интервју со клучни лица, групна дискусија интервјуа и полуструктуирани интервјуа. https://mcms.mk/images/docs/2004/procenka-na-reintegracija-i-revitalizacija-2003.pdf

е нестабилна, криминалот и корупцијата се во пораст и постои недоследност во примената на законите. Општа слика е дека етничките Албанци имаат повеќе права од сите други малцински етнички заедници.

### *4.3.1. Конфликтот и местото на религијата*

Во однос на одредување на конфликтот во Република Македонија, станува збор за конфликт со употреба на оружје или вооружено насилство и вооружен судир (Даскаловски 2001: 552). Дилемите околу тоа дали беше конфликт или војна, се дебати водени на сите нивоа. Научната литература која ги третира безбедносните прашања започнува од дефинирањето на војната. Војна е вооружен судир помеѓу две и повеќе држави или помеѓу држави и меѓународната заедница. Дополнителна анализа на точните покажувачи кога еден конфликт би можел да биде војна, како што се учесници во конфликтот, употребата на оружјето, тогашната опфатеност на територијата, биле аргументи да не се прогласи воена состојба во тогашната Република Македонија. Дополнително на сево ова е и аргументот дека бројот на жртвите не надминал повеќе од 1000 лица (Даскаловски 2001: 555-557)[6].

Логично следи и следното прашање: ако е конфликт, кој е видот на конфликтот? Според Даскаловски, станува збор за внатрешен вооружен конфликт.

Дополнително, постконфликтните истражувања кои обидувајќи се да ги најдат причините за конфликт го идентификуваат и типот на конфликт, условно може да се поделат во две групи. Првата група, причините за конфликт го согледува во етничката и безбедносната структурата на Република Македонија. Втората група ги согледува причините во економските аспекти. За првата група вооружениот конфликт се именува како:

- етнички конфликт,

---

[6] Во овој дел се презентирани анализите изготвени врз основа на преглед на литература и фактичката ситуација за време на конфликтот 2001 од страна на авторот, а презентирани во рецензиран труд во научно списание. Наслов на текстот е „Кризата во Македонија 2001: внатрешен вооружен конфликт или војна?“, објавено во Годишниот зборник на Филозофскиот факултет 2001 година, од страна на проф. Даскаловски Синиша експерт во областа на безбедноста и професот на Филозофскиот факултет. Спомената анализа е поткрепена со факти користени од Лондонскиот институт за стратегиски истражувања The military Balance; официјални изјави на релевантни инстанци во меѓународната политика, како што е министерот за надворешни работи во Шведска, поранешен амбасадор во Југославија; анализа на документација на национално ниво, поконкретно Уставот, Закон за одбрана, како и друга понатамошна анализа.

- наместен конфликт,
- криминални и етничко национални интереси предизвикаа конфликт,
- внатрешен конфликт кој има елементи на надворешен напад во однос на иницирање и логистика и внатрешни развојни аспекти на општеството.

За втората група причините за избувнување на конфликтот се:

- во македонската економија и општество има основа за развој на етнички конфликти,
- неразвиени рурални средини,
- постојана декапитализација,
- јавните институции во Република Македонија не се способни да ги решат проблемите (Трајановски 2022: 10-12).

Како една општа одредница за причините, а со тоа и за типот на овој вооружен конфликт, која е прифатена и од меѓународната заедница (која покажа голем интерес за ситуацијата) е дека етничките Албанци немале права или имале лимитиран пристап кон човековите права во сферата на: Уставот, државјанството, јазикот и образованието. Фактот дека етничките Албанци биле и сè дел од политичкиот систем во периодот од 1990 до 2003 година не бил доволен аргумент да се каже дека во Република Македонија нема доволно права (Раст 2003: 10). Дали е ова доволен аргумент за преземање вооружен конфликт или вооружено насилно однесување? Според анализите на Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС), конфликтот во северозападниот дел од Македонија се именува како конфликт што можеше да доведе до граѓанска војна (Раст 2003: 8).

Со потпишување на Охридски рамковен договор (ОРД), како и неговата операционализација, преку промена на Уставот и законските регулативи, и имплементација завршува употребата на оружјето, но продолжуваат напорите за имплементација на потпишаното.

За време на воениот конфликт, религијата нема своја особена улога или присуство (барем не се изнесени во јавноста), но може да се смета како релевантен фактор за имплементација на ОРД во процесите на заживување на потпишаниот договор и воспоставување на нова реалност во македонското општество. Граѓаните

требало да се убедат дека ОРД има позитивни импликации врз етничките заедници и соживотот во државата, а религијата по својата есенција може да го постигне тоа.

### *4.3.2. Учесници во конфликтот*

Во воениот конфликт кој траеше околу 7-8 месеци како учесници се посочуваат следниве:

- безбедносни сили (војска и полиција) на тогашна Република Македонија;
- организирани вооружени групи на албански екстремисти од Косово, инфилтрирани на територијата на Република Македонија, кои со своите истомисленици во Република Македонија се обединети и се претставуваат како членови на Ослободителна национална армија (ОНА) (Даскаловски 2001);
  - Меѓународната заедница, Соединетите Американски Држави; Европската Унија преку пратеник на ЕУ за поттикнување прекин на огнот и војниците на НАТО (КФОР) при евакуација на учесниците во конфликтот;

Во јуни е формирана Влада за Национален Спас (ВНС) со учество на сите партии. Започнува комуникацијата на ОНА само со етничките албански партии од ВНС (Трајановски 2022: 14-15).

### *4.3.3. Улогата на религијата за време на конфликтот во 2001*

Во однос на темата за улогата на религијата, се констатира дека истата не покажува знаци за јасно и директно учество во вооружениот конфликт. Религијата не е спомната ниту во ОРД. Се наметна потребата за менување на Уставот на Република Македонија (понатаму во текстот: Устав) донесен во 1991 година, и со таквите измени се бележат промени и на позицијата на верските заедници. Во стариот Устав е изречно спомната само Македонската православна црква (МПЦ), но со промените во новиот Устав со кои етничките заедници се именуваат со народи со уставен статус се стекнуваат: Исламската верска заедница (ИВЗ), Католичка црква (КЦ), а по одредени реакции се додаваат и Евангелиско-

методистичката црква (ЕМЦ) и Еврејската заедница на Република Македонија (ЕЗРМ). На овој начин, Република Македонија го прифаќа и мултиконфесионалниот карактер на нејзиното општество.

Несомнен е фактот дека Македонија се идентификува како мултиетничко и мултиконфесионално општество со оптимални услови за соживот на сите различности. Таквата реалност во постконфликтниот период како да стана камен на сопнување на заедничкиот живот. Во периодот во постконфликтниот период Македонија е поделена, подвоена, најпрво по етничка и религиска основа. Доколку се тргне од едно стојалиште дека конфликтот е рефлекс на нееднаквоста перципирана од една етничка група, а дека постконфликтните активности треба да ги помират и подобрат односите во иднина, но постконфликтниот период не оддава таква реалност, тогаш е општа констатацијата дека процесите на постконфликтна ситуација, како што е помирувањето, одат со бавно или никакво темпо. Оценките се дека постои институционална имплементација, но не и позитивна перцепција на граѓаните (сведочат истражувања).

Имплементацијата е дел од ОРД. Имено овој договор опфаќа три главни точки за интервенција. Тоа се: Уставот на Република Македонија (амандмани); законодавни измени; план за прекин на вооружените напади и разоружување на ОНА (Рамковен договор, склучен во Охрид и потпишан во Скопје, Македонија, на 13 август 2001 година.) Меѓутоа перцепциите на граѓаните и доживувањето на имплементацијата и прогресот на ОРД, во практика не е позитивно оценет. Тоа го покажуваат и анкетите во кои граѓаните искажуваат помала доверба кон заедничкиот живот на различни едници (Раст 2003: 31).

Всушност ОРД го зајакна концепт на граѓанство во постконфликтна Македонија. Поконкретно, граѓаните учествуваа во јавната сфера (општествен, економски или политички домен), но како припадници на етнонационалните или верските заедници (Spaskovska 2012: 383-396). Како пример е постоењето и одржувањето на два фестивала на поп-музика во Скопје. Едниот е Скопскиот фестивал, а другиот е Нота фест. На првиот фестивал учествуваат само македонски, а на вториот само албански пејачи. Како втор пример е иницијативата на албанското малцинство Струшките вечери на поезијата да се организираат на албански јазик; покрај Струшките вечери на поезијата на македонски јазик да имаат

паралелен фестивал Струшки вечери на поезијата на албански јазик (Muhic, Simjanivska & Linin 2014: 355).

Во политички дискурси, ОРД се оценува како акт на помирување, а неговото одбележување на денот на потпишување се користи воглавно како можност македонските и албанските политички елити да ги промовираат своите постконфликтни визии. Одбележувањето на ОРД се практикува од страна на албанските партиски елити континуирано од 2002 година, на кои присуствуваат и претставниците на меѓународната заедница. Првото присуство на македонските политички елити беше во 2006 година. Имено, претседателот на тогашна Република Македонија Борис Трајковски[7] беше најголем промотор на ОРД, но по неговата смрт во 2004, позитивниот дискурс се намалува. По трагичната авионска несреќа во која претседателот го загуби животот, ВМРО-ДПМНЕ остана без политичка фигура да го промовира ОРД. Ваквата ситуација траеше до 2006 година, кога партијата ВМРО-ДПМНЕ формира свој влада и оттогаш ОРД добива поголемо значење презентирано во активностите на македонската политичка елита. Во 2006 година, тогашниот претседател Брано Црвенковски организира и прием по повод потпишувањето на ОРД и беше именувано посебно тело за организација на годишнините на ОРД (Трајановски 2022: 40-42).

Континуираното присуството на меѓународната заедница значи и симболичка поддршка на ОРД, со што јасно покажува дека документот е релевантен и одлучувачки за одржување на мирот во Македонија. Дали Република Македонија има друг избор? Според ситуацијата, Република Македонија нема избор, освен да го почитува ОРД. Ова особено кога во 2021 година, лично Џон Бајден го формализираше овој став со Извршен декрет кој предвидува казни за сите што ја попречуваат имплементацијата на ОРД, меѓу другите регионални договори, рамки и механизми на Западен Балкан[8]

[7] Борис Трајковски беше претседател на Република Македонија во периодот од 1999 до 2004 година, а поддржан од политичката партија ВМРО-ДПМНЕ. На неговото прво обраќање на првата годишнина од ОРД во 2002 година тој ќе рече дека ОРД го поддржал како најсоодветен политички одговор на кризата, оградувајќи се дека не го смета дека е најсоодветен. Извор: „Рамковниот договор клучен столб на успешното решение на кризата – Трајковски“, *A1*, 13.8.2002.

[8] „Executive Order on Blocking Property And Suspending Entry Into The United States Of Certain Persons Contributing To The Destabilizing Situation In The Western Balkans“, The White House, Presidential Actions, 8.6.2021.

Активностите за зајакнување на меѓуверскиот дијалог и соработка и промовирање на етничкиот и верски соживот во државава продолжуваат и понатаму. Потпишувањето на ОРД понуди разрешување на воениот конфликт преку распределбата на политичката моќ и помеѓу Албанците во Македонија.

Една од нив е и работата на Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи (КОВЗРГ), која е задолжена за верските прашања. Историјата на оваа комисија датира од времето на Втората светска војна, која го следи развојот на Република Македонија како држава, за денес да биде орган надлежен за прашања од верската сфера во државата (Комисија за односите со верските заедници https://www.kovz.gov.mk/pocetna/za-nas.nspx).

Комисијата и нејзината работа се усогласуваат со стратешките приоритети на Владата на Република Северна Македонија за целиот период во кој активно дејствува. На тој начин се смета за промотор на државната политика. Комисијата бележи многу активности преку кои ја промовира својата мисија за постигнување квалитетен, конструктивен и постојан партнерски однос помеѓу државата и верските заедници (Раст 2003: 8).

Се забележува и нејзината активност и со другите актери и промотери на мирот и соживотот во Република Северна Македонија, како што се невладините организации и нивните проектни активности, во кои се вклучуваат и верските заедници и религиозните групи.

Размислувајќи за религијата како фактор во мир и војна, за македонски услови е значајна нејзината улога во време на мир. Во своите анализи на овие теми, Матевски сосема соодветно го поставува прашањето: дали е националниот интерес посилен од градењето на мирот? Неговите општи оценки се дека најзначајните верски заедници (МПЦ-ОА и ИВЗ) во македонски контекст практикуваат толеранција, но на минимално ниво (Matevski 2012: 130-131). Тие не се директно одговорни за појавата на конфликтот (одговорноста лежи кај политичката и бизнис-елита во државата). Одговорноста не е нивна, меѓутоа Матевски забележува и поттикнува за размислување поентирајќи: „… не се одговорни за тоа што го рекле, но се одговорни за тоа што требале да го кажат, но не го кажале“ (исто. 132).

*Постконфликтни активности за помирување*

Воопштени се оценките дека Република Македонија немала некоја посебна програма или стратешки пристап за помирувањето во постконфликтниот период. Анализите говорат дека имало разни активности на основно (grassroots) и највисоко (top) ниво, но активностите помеѓу овие две нивоа недостасуваат. Всушност поврзувањето помеѓу нив, линкот помеѓу *grassroots* и *top* нивото носи успех во процесот на помирување. Вистината, правдата, мирот и милоста како да не се среќаваат на едно место наречено помирување.

Враќањето на внатрешно раселените лица кои се етнички Македонци, останува како нерешено прашање што го попречува помирувањето. Медиумите и владините кампањи имаат мешани ефекти – некои промовираат меѓуетничко разбирање, додека други поттикнуваат поделби. Недостига консензус за тоа како да се справи државата со последиците од конфликтот во 2001 година. Политичките партии остануваат поделени по етничка линија. Постојат иницијативи за помирување од основно ниво, но не се добро препознаени на официјално ниво. Клучните предизвици вклучуваат: недостаток на заедничка визија за иднината на земјата, сегрегација на етничките заедници, отсуство на „официјална вистина" за конфликтот и ограничени напори за надминување на предрасудите.

Граѓанскиот и невладиниот сектор се активно вклучени во проекти кои се насочени за градење на мирот и одржување на истиот преку дијалог и соработка. Во основа овие активности биле поддржани од страна на меѓународните институции. Како невладини организации кои бележат значајни активности се: RECOM, LOYA, Balkan Insight, Balkan Transitional Justice, Nensen Dialogue Center – Skopje и Едно-Иницијатива за толеранција и обострана почит (Initiative for tolerance and mutual respect). На највисоко ниво се потрошени околу 20 милиони евра за 40 кампањи кои промовираат зголемување на јавната свест за промовирање етничка толеранција, семејни вредности и родољубие проследено низ проектот „Скопје 2014" (Popovska&Ristoska 2015: 73-74).

Во 2003 година МЦМС започнува пилот-програма за *Поврзување на религиите во Македонија*, кој бил развиен на ниво на проект во период од 2005 до 2008 година. Биле вклучени МПЦ-ОА, Православниот богословски факултет, ИВЗ,

Факултетот за исламски науки, Католичката црква, Евангелската-методистичка црква и Еврејска заедница. Програмската цел на проектот била збогатување на соработката помеѓу верските заедници и религиозните групи во државата. Целната група биле студентите и следбениците на религиозните заедници и се дејствувало во областите на образование, култура и информации. Преку разни видови активности, програмата се реализираше во периодот од 2005 до 2008 година. Во делот од оваа програма во форма на управувачка група, покрај домашните партнери биле вклучени и Норвешката и Данската црковна помош (https://mcms.mk/mk/za-nasata-rabota/programi/910-megureligiska-sorabotka-vo-makedonija-ir.html).

Евалуациските оценки се позитивни и се во функција на поставените задачи, а тоа биле: подобрување на знаењето за религиите, подигнување на свеста за различните култури и подобрување на информираноста на верските заедници за религиски другите. Она што останува како прашање е одржливоста на програмата и продолжување на истите активности.

Развивање на свеста за религиозна толеранција и прифаќање на религиозната толеранција, се сметаат за едни од важните аспекти во градењето на мирот. Ова било и тема како дел од проектот *Меѓурелигиска соработка во Македонија* во организација на Институтот за демократија „Социетас цивитас“, а поддржан од Европската комисија и Фондацијата „Конрад Аденауер“[9]. Покрај конкретни активности (насочени кон остварување на поставените цели), како посета на студенти на верски објекти, преземање активности за верска толеранција, како што се обуки и семинари за развивање на религиска соработка, беше спроведено и анкетно истражување.

Од истражувачкиот прашалник се селектирани прашања кои се сметани како релевантни за претставување на односот на граѓаните во однос на одредени религиозни теми.

---

[9]Истражувањето ,,Меѓурелигиски дијалог во Република Македонија“ е теренско истражување за ставовите и перцепциите на граѓаните, спроведено во 2011 година. Теренското истражување е дел од проектот ,,Толеранција, дијалог и соработка“. Основната цел на анкетното истражување била да се утврдат ставовите, перцепциите и религиозните убедувања на граѓаните во Македонија во однос на верските прашања преку 37 прашања од затворен тип. Примерокот броел 1090 испитанци, со дозволена маргинална грешка од 3 % https://idscs.org.mk/wpcontent/uploads/2009/08/istrazuvanje%20megureligiska%20tolerancija%20vo%20makedonija.pdf).

Како го дефинираат верникот? Најголем дел од испитаниците го дефинираат верникот како лице што верува во Бога и ја практикува верата (52,2 %), како лице што верува во Бога и понекогаш ја практикува верата (23,2 %) и како лице што верува во Бога, но не мора да ја практикува верата (21,6 %)

Најголем дел од испитаниците или 71,5 % се изјасниле дека се верници, а верата ја практикуваат преку посета на верски објект (46,8 %) или преку молитви (40,5 %).

Според резултатите од истражувањето, на прашањето како ја доживуваат верата, речиси половина одговориле дека ја доживуваат верата како директен однос кон Бога, 22,5 % како однос кон црквата/ џамијата или синагогата, а 20,9 % низ двете форми го изразуваат односот кон Бога. Во основа, околу четири петтини од испитаниците сметаа дека другите ја почитуваат нивната верска ориентација, а најголем дел од нив три четвртини не искусиле дека некој не ја почитува нивната припадност религиска и вера. Најголем дел од испитаниците сметаат дека во Македонија постои верска толеранција, за што целосно афирмативно се изразиле 21 % и делумно афирмативно 40,1 %, а делумно несогласување со ова тврдење изразиле 21,7 %, додека негативен став изразиле помалку од една петтина од испитаниците. Запрашани за односот на државата кон религијата, 56,2 % ја оценуваат како добра, 13,4 % како лоша, а неодредени се 14,3 % од испитаниците. Политичарите се најчесто наведувани како фактор за верска нетолеранција во државата (38,8%), а потоа Владата и верските заедници (18,6 % и 18,3 %). Повеќето од испитаниците, помалку од две третини сметаат дека има соработка помеѓу верските заедници на највисоко рамниште, а нешто помалку, односно повеќе од една половина дека соработката постои и на локално рамниште (Теговска и Петѓусеска 2011: 18-75).

Во рамките на проектот „Македонија како мултиконфесионално општество“ се спроведени истражувања во однос на перцепциите на граѓаните во поглед на религијата и со посебен осврт кон религиозното образование. Поврзано со предметот на магистерскиот труд, се издвојуваат афирмативните ставови на испитаниците во однос на тоа дека изучувањето на религијата во образовниот процес може да биде и фактор за интеграција кај децата. Анализите покажуваат позитивен однос помеѓу степенот на религиозност и убедувањата дека религиските

институции може да бидат активни чинители во градење на мирот. Фондацијата „Конрад Адеанауер“, Институтот за политички истражувања Скопје и „Религија.мк“ реализираа истражувања за теми поврзани со религијата и врската со политиката. Спроведени се 2 истражувања, и тоа во 2017 и 2020 година[10]. Според резултатите, граѓаните изразуваат доверба кон верските заедници, и таа изнесува една половина во истражувањето спроведено во 2020 година, а во 2017 година била пониска - 41 % (Konrad Adenauer Stiftung, 2018).

Значително поголем број од испитаниците (76 %) не го поддржуваат ставот религијата да се користи како канал за пренесување политички ставови. На верските заедници се гледа како на фактор кој го зајакнува општествениот морал, а религијата се смета за активен чинител во сферата на нивно зближување или разделување. Перцепциите кај мнозинството граѓани е дека религијата има позитивна улога во општеството, и тоа е согледано во двете анкетни истражувања (Божиновски и Николовски 2020: 14-15).

### 4.4. Споредбени резултати

Врз основа на претходните наоди и споредбата помеѓу Босна и Херцеговина и Република Северна Македонија во однос на религија - конфликт и религија - мир, може да се изведат одредени сличности и различности.

Сумираните резултати се претставени во табела 3 и тие се текстуално анализирани во овој дел од трудот.

Религијата може да биде фактор на влијание врз зголемувањето на интензитетот на конфликтите, но не може да се каже дека постојат правилности во однос на тоа кои се условите за такво нешто, кои актери треба да се вклучат и кои симболи да се користат итн.

[10] Податоците се однесуваат на проектот „Употреба на религиите во политичките кампањи“. Анкетното истражување, се спроведе преку телефонска анкета во јуни 2020 година. Анкетниот прашалник содржи три групи на прашања. Тоа се: довербата на граѓаните кон верските институции; перцепциите на граѓаните во однос на тоа колку политичарите ја користат религијата и религиозната припадност како фактор на влијание во политиката. Примерокот изнесува 1110 испитаници. https://www.kas.de/documents/281657/281706/Use+of+Religion+in+Political+Campaigns.pdf/6e9466f3-ce39-dd4f-050b-c0ca529e0e88?version=1.0&t=1596105101154

Во воената ситуација во Босна и Херцеговина, религијата била активно вклучена. Одредниците се дека станува збор за етнорелигиозен конфликт во кој религијата била меѓу другото и фактор на поделба, при што се преклопувала со националниот идентитет. Религијата не била прокси варијабла за конфликтот и со право можеме да констатираме дека религијата била изманипулирана од политичките фактори кои го искористиле нејзиното влијание за остварување на своите цели. Од аспект на формата на вклученост на религијата во Босна и Херцеговина, постојат индиции дека се класифицира во верски фундаментализам со аргументи „дека нивната вера е под закана од некого". Во контекстот на Босна и Херцеговина се поставува прашањето дали тоа било реално така или сепак станува збор за манипулација. Преовладува мислењето дека станува збор за манипулација, а сè со цел разгорување на нетрпеливоста. Инволвираноста на религијата во Босна и Херцеговина придонесла и до зголемување на нетолеранцијата и религиозната поделеност во одредени делови во текот и во повоениот период. Може да се каже дека улогата на религијата во Босна и Херцеговина во војната била политички артикулирана.

**Табела 3. Компонентите на компаративната анализа**

| Карактеристики на воените насилства | Босна и Херцеговина | Северна Македонија |
|---|---|---|
| **А. Воените насилства** | | |
| Вид | Војна | Конфликт |
| Должина | 3+ години | <1 година |
| Крај | Договор (ДМД) | Договор (ОРД) |
| Причини | Идентитетско центриран конфликт | |
| Религија | Присутна | Не е присутна |
| Улога на религија | Негативна | Нема |
| Форми | Религиски симболи, митови, слики | Нема |
| Актери | Покрај воените, биле вклучени и религиозните институции | Религиите не учествувале |
| Меѓународна заедница | Меѓународни религиски лидери преку хуманитарна помош | Немало |
| Промени во структура на државата | Два ентитета | Унитарна РМ<br>Промена на Уставот |
| **Б. Постконфликтни, поствоени активности** | | |
| Учество на религијата | Да | Да |
| Вид на активности | Основно ниво: семинари, работилници и сл., | Основно ниво: семинари, работилници и сл., |
| | Меѓурелигиски дијалог | |

| | | |
|---|---|---|
| Улогата на религијата | Нема доверба во религијата, бидејќи учествувале во војна | Постои доверба во религијата |
| Резултати истражувања | Процес на преговарање е значаен | |
| Улогата на религиозноста | Позитивна во однос на уверувањата дека религијата може да има позитивно влијание | Позитивна улога |
| Стратешки пристап | Има дефинирано како инклузија во сите сфери на дејствување | Недостаток на заедничка визија за иднината на земјата, одвоени животи на заедниците, отсуство на „официјална вистина“ за конфликтот и ограничени напори за надминување на предрасудите. |
| Влијание на религијата | Значаен фактор на влијание | Не е фактор |
| Религиски миротворци | Нема | Нема |

*Извор: Табелата е структурирана од страна на авторот врз основа на користената литература и осознаените наоди.*

Во Република Северна Македонија религијата не била фактор на влијание. Актерите кои се посочени како учесници во конфликтот одат во прилог на таквата констатација.

Со оглед на секуларниот карактер, религијата во двата случаи не ја злоупотреби својата моќ во насока на нарушување на правата на човекот и зајакнување на религиозна и друга нетолеранција. Во оваа смисла може да се констатира дека анализите на Холенстејн не се применливи во овие услови (Holenstein 2006: 79).

Поделеноста на општеството врз основа на религијата како критериум опстојува понатаму и во двете држави.

Од аспект на улогата на религијата во постконфликтниот период, во двете држави не може да се идентификуваат „религиозни миротворци“ како што ги дефинира Аплбеј (Appleby 2015).

Религиските уверувања во Босна и Херцеговина многу лесно станаа предмет на истражување и фактор на влијание за основа за национални проекти.

Проектните активности во поствоениот период беа со цел да дадат поддршка на локалните заедници во процесите на помирување меѓу различните

етнитети и верска припадност. Таквата цел беше остварена со безрезервна поддршка на невладиниот сектор како основно (grassroots) ниво на активности, потоа со активно вклучување на меѓународна поддршка и воглавно преку финансиска и логистичка поддршка на проектите, како и други движења и форми.

Улогите на верските лидери не се јасно дефинирани во однос на нивните конкретни активности. Меѓутоа фактот дека не го користат своето влијание и дејствување, на средно ниво ги прави подеднакво виновни.

Секако дека се отвора и дополнително прашање дали постојат можности за активности од поширок домен во контекст на актуелните политички констелации?

Согледувајќи го севкупниот контекст во однос на воените насилства во двете селектирани држави, независно од различноста што ја имаат, заеднички елемент е учеството на меѓународниот фактор (ако не и доминација) во процесот на помирување и постојана присутност во постконфликтниот период.

Воен тип на насилство не се забележува. Постои перманентна напнатост и обиди да се редефинираат ДРД и ОРД. Меѓународниот фактор на свој начин е одржувач на мирот.

Постојат постконфликтни програми, хуманитарни активности и соработка со невладините организации.

Во македонскиот случај оценките се дека не е забележан некој сериозен процес на помирување. Се остваруваат многу активности во насока на помирување и социјална правда, меѓутоа интегрален пристап (поврзаност помеѓу истите) не се забележува.

Во таа смисла, мнозинството од граѓаните и институциите не се вклучени. Ова упатува на немање визија за понатамошен развој (освен декларативно наведени во програмите кои се реализираат на повисоко рамниште) на општеството, општествената структура и институциите. Довербата, правдата и милоста како да немаат заеднички именител во процесите на реконсилијација и помирување.

Уште една заедничка карактеристика е дека постои поделеност на двете општества и поделбите се продлабочуваат.

Развоен напредок на државите не се забележува.

## 4.5. Религијата во меѓународните односи

### *4.5.1. Трендот на меѓународното влијание преку религијата*

Западниот Балкан, а со тоа и двете држави (Босна и Херцеговина и Република Северна Македонија) кои се предмет на истражување во трудот, се под влијание на меѓународната заедница, а во конкретниов труд тоа се документира со фактот дека меѓународната заедница презеде значајна улога во прекинување на конфликтот во Република Македонија, односно воениот конфликт во Босна и Херцеговина.

Како влијателни страни од меѓународен карактер се западните земји, како промотори на демократските политички режими (Russett и др. 1995).

Влијанието на Кина и Кралство на Саудиска Арабија, па и на други земји спаѓа во категоријата земји со автократски режими, но кои имаат и меѓународно влијание, меѓу другото и во земјите на Западен Балкан.

Во повоениот и постконфликтниот период се зголемува бројот на меѓународните организации кои работата во регионот. ЕУ го засилила своето присуство. Потоа Европска комисија го помага Западен Балкан во процесите на дигитализација и транзиција кон дигитална економија. Присутна е во борбата против тероризмот, во хуманитарна помош, во процесите на миграциите, активна партиципација во процесите на медиумската слобода, а со заедничка цел - Западен Балкан да биде дел од ЕУ. Финансиската помош на ЕУ кон Западен Балкан во 2017 година е околу 9 милијарди евра. Компаниите од ЕУ се најголеми инвеститори и се околу три четвртини од странските директни вложувања. Вредно за споменување е дека и Западен Балкан зема учество во образовните и истражувачките програми на ЕУ.

Во основа, западните развиени земји се фокусирани кон решавање на безбедносните предизвици, постконфликтна реконструкција на регионот и поддршка на невладините организации (НВО).

Влијанието на источните земји, во кои се вбројуваат Кина, Русија Иран, Турција и земјите од Заливот (Gulf Cooperation Countries – GCC) кои се дел од Арапскиот Полуостров, манифестираат свое влијание.

Русија и Кина манифестираат економско влијание преку вложувања, и тоа во енергетската индустрија, нафта и гас (Русија) и во градење на инфраструктура (Кина), а двете и во воената индустрија (Hartwell & Sildo 2017; Krstic & Bytyci 2011). Дополнително двете земји се насочени и кон културни влијанија преку отворање центри за јазик и култура (Конфучие центар[11] и Руски културен центар[12]). Евидентна е религиската соработка помеѓу Русија и земјите од Западен Балкан, а особено со Србија и Република Српска.

Турција и Иран (држави во кои исламската религија има значајна позиција) манифестираат свое влијание, а ова е особено изразено во Босна и Херцеговина. Меѓутоа поврзаноста помеѓу Србија и Турција е исто така високо уважена, што се должи на повеќевековната поврзаност од времето на Отоманската Империја.

Вложувањата на Турција, покрај во трговијата и економијата, се забележливи и во културата и образованието, како и во помагање на религиозната инфраструктура.

Иран има влијателна улога во Босна и Херцеговина. Иран била прва земја која ја помагала страната на Изетбеговиќ за време на војната и треба да се спомене и присуството на муџахедините кои, како што се вели, „го следат влијанието на Иран во регионот" (Bardos 2013).

Влијанието на Саудиска Арабија, Катар и Обединетите Арапски Емирати е евидентно во градежништвото, трговијата, религиското образование, религиозни исламски објекти, но и во воената индустрија. Религиското влијание се искажува на тој начин што се настојува да се замени либералната интерпретација на исламот во Западен Балкан со друга која се смета за потрадиционална и порадикална. Ова се смета како закана за регионот и радикализација на истиот (Rrustem и др. 2021: 12-47).

Како најзначајни фактори на влијание на ескалација на конфликтите се образованието, степенот на корупција и промена на политичките идеологии, и тоа од една состојба кон демократија. Овие фактори се документираат како значајни кога станува збор за студиите на случај (Chrzová и др. 2019).

---

[11] Во Србија има два института „Конфучие институт", по еден во Северна Македонија, Албанија, Босна и Херцеговина и Црна Гора. https://ci.cn/en/qqwl?labelId=C-Europe

[12] По еден Руски културен центар има во Србија, Северна Македонија, Црна Гора, Република Српска (Rrustemi 2021: 119-122).

Покрај економското и политичкото влијание се евидентира и религиозното влијание на просторот на Западен Балкан. Во овој дел се осврнуваме на постоечките резултати за влијанието на религиските фактори.

Религиското влијание на земјите од Заливот е забележливо преку Кралството на Саудиска Арабија и Катар.

Кралството на Саудиска Арабија бележи големо влијание преку инвестиции за изградба на исламски религиски објекти на просторите на Босна и Херцеговина, Република Северна Македонија и Косово. Тоа се манифестира преку инфраструктурна поддршка на религиозните објекти, финансирани како од Владата на Кралството на Саудиска Арабија така и од невладиниот сектор (Georgievski 2017). Најголемата џамија на Балканот е во Сараево, која е изградена и именувана по кралот Фахд.

Република Македонија исто така има регистрирано бројни донации од страна на Кралството на Саудиска Арабија. Формите се во насока на инфраструктура и помош на следбениците (Marusic 2010; Pancevski 2010). Идеолошкото значење на присуството на Кралството на Саудиска Арабија е согледано во ширење на вахабизмот, кој историски гледано покрај религиските убедувања ја поврзува политиката со религијата. За таа цел се давани стипендии за бесплатно школување во Кралството на Саудиска Арабија, тренинг на религиозните лица и слично. Евиденцијата говори дека во Република Македонија 4 џамии се одвоиле од ИВЗ и станале следбеници на вахабизмот (Marusic 2010).

Релевантноста на овие факти се истакнуваат од причина што истите можат да доведат до безбедносни и културни компликации (Rrustemi 2021: 53).

Имено, религијата на Балканот е дел од виталниот идентитет, како на поединците така и на државата.

Религиозното влијание продолжува да се шири и на просторите на Западен Балкан. Во овој проект се вклучени и териториите со кои владеат Босна и Херцеговина и Република Северна Македонија.

Катар ги следи методите за поддршка на транснационалната пропаганда. Поддржува изградба на верски исламски објекти, стипендира образование, сѐ со намера за проширување на вахабизмот во Западен Балкан (Hamid & Mandaville 2018; Rakic & Jurisic 2012). Овој проект се остварува преку отворање религиозни

центри, исламски училишта и исламски добротворни организации. Во Република Северна Македонија постои „Фондација за културен напредок и исламска религија“ (анг. Foundation for Cultural Advancement and Islamic Religion), во која учествуваат, покрај Катар и Кралството на Саудиска Арабија, Турција и Кувајт и ја поддржуваат нивната идеја за ширење на исламот (Rrustem и др. 2021: 69). Соработката е евидентна и преку други организации кои имаат свое на влијание во сферите на образованието, културата, туризмот и здравствениот сектор.

Фактот дека телевизијата „Ал Џезира“ (Al Jazeera) има своја фреквенција на Балканот и се пренесува на широко разбирливиот српски јазик, сугерира дека е можно „меко влијание“ врз јавното мислење по повод одредени теми. Покрај тоа, телевизијата како медиум помага за претставување и доближување на Катар до земјите од Западен Балкан (Fadli 2018). Дополнително, фактот дека постои миграциска насока од Босна и Херцеговина и Република Северна Македонија, како и воопштено од регионот кон Катар и Обединетите Арапски Емирати, се очекувања дека во иднина ќе се зголеми социјалната и културната размена на идеи (Rrustem и др. 2021).

Иран манифестира влијание во културната и религиозната сфера на дејствување, и тоа на средно високо во Босна и Херцеговина (исто, 78). Покрај тоа, се остварува влијание и во образованието. Како пример е отворањето на Персиско-босанскиот колеџ во околина на Сараево (Bardos 2013).

Иранското влијание се манифестира и преку академската заедница во Босна и Херцеговина. Македонското искуство во однос на влијанието од Иран е преку Албанија и албанската етничка заедница (повеќе преку културни и политички канали отколку религиозно манифестирани) (Rrustemi и др.  2021: 87)

Според анализите на Галеоти, Русија се смета за земја која има најголемо влијание на Западен Балкан во религиозна, културна и академска сфера на дејствување (Galeoti 2018). Нивното влијание е доминантно меѓу словенското население меѓу кое доминира православното христијанство и се оценува главно дека тоа претставува воедно и самопромоција. Присуството е најизразено во Србија. Културното влијание е доминантно и институционализирано преку културни и јазични центри.

Слична е и ситуацијата во Босна и Херцеговина, поточно во Република Српска. За споменување е и влијанието на Русија преку одредени медиуми кои го поддржуваат рускиот режим, и така има свое влијание врз општествата и културите на територијата на Западен Балкан (Rrustem и др. 2021).

Турција е земја која е прифатена на просторите на Западен Балкан по основа на религија и по основа на врските од отоманското време.

Во Босна и Херцеговина, како и во Република Северна Македонија се чувствува и политичкото присуство, особено што Турците се дел од Уставот на Република Северна Македонија.

Турција е присутна во обновување на исламските верски објекти, обновување на исламските образовни институции, во процесите на помирување во Санџак Србија, а се забележани и активност иницирани од Директоратот за религиски односи во Турција (Diyanet).

Преку овој директорат се плаќаат оџите да извршуваат служби во џамиите низ територијата на Република Северна Македонија (Barlovac 2011, Bechev 2019). На овој начин се шири или се зајакнуваат сунните во Република Северна Македонија и во регионот, а на тој начин се спротивставуваат на вахабизмот како поригидна структура и ориентација во исламот. НВО-секторот има свое влијание во овој домен.

Ширење на религијата и религиозните погледи на светот се остварува и преку образованието. Така, на пример, Истанбулската фондација, Мариф фондацијата или Балканскиот универзитет во Скопје и слични на нив, се канали преку кои се пренесуваат и промовираат верските принципи.

Секако дека и медиумите играат една од поглавните улоги како канали на комуникација.

Во Република Северна Македонија тоа се ТВ ЕРА и ШЕЊА. Со оглед на етничката структура, зајакнувањето на турското влијание во Република Северна Македонија отвора теми поврзани со етницитетот, за тоа какви се реакциите на албанската заедница во контекст на зајакнување на турската заедница во Република Северна Македонија.

Генерално Турција се промовира како главен регионален актер во регионот и во контекст на религијата, а тоа се реализира преку реставрација на отоманските

објекти, давање стипендии, медиумите, бесплатни курсеви, како и други форми на здружување.

Несомнено дека накусо прикажаната структура на влијанието на меѓународниот фактор во Западен Балкан, со фокус на Босна и Херцеговина и Република Северна Македонија во однос на религиозните аспекти одат во прилог на тезите на преод кон мултиполарен светски поредок.

Какви се можностите во ваков меѓународен контекст да се промовира стабилноста и сигурноста, доколку се има на ум слабата политичка, економска и социјална основа на земјите од Западен Балкан, кога етнички тензии и социјална несигурност претставуваат дневни проблеми, а наместо демократија се воспоставуваат клиентелистички и коруптивни односи на владеење?

Западната политика (се мисли пред сѐ на ЕУ) нема јасни манифестации и желби за напредок на регионот во развојна смисла на зборот.

Во таков контекст, источната политика го наоѓа Западен Балкан како поле и врска преку која ќе може да ги промовира своите стратешки интереси и концептот на меѓународната политика. Секако дека сето тоа претставува предизвик за одржување на мирот и стабилноста. Фокусирајќи се на нашиот предмет на истражување, анализата ги потврдува претпоставките дека може да се смета на религијата како фактор на влијание во современите општества, но во општествата во кои се среќаваат традиционалните и модерните вредности се среќаваат. Во одредени услови постои злоупотреба на религијата во однос на верскиот фундаментализам.

# 5. ЗАКЛУЧОК

Појдовните прашања на магистерскиот труд се дефинирани во насока на тоа каква е улогата на религијата во Западен Балкан и низ кои форми и активности се изразува нејзиното влијание во општествените случувања. Соодветно на истражувачкиот концепт, претставени се основните аспекти на религијата во Западен Балкан, области од секуларен карактер.

Преку претставување на користената литература поврзана со појавата и предметот на истражување, претставени се позначајните анализи во оваа област. Во услови на интердисциплинарност на истражувачкиот феномен кој инклинира кон контекстот на меѓународните односи, користен е интерпретативниот метод при анализата. Очекувањата се дека стекнатите сознанија може да се основа за нови научноистражувачки потфати.

Дефинираниот предмет на истражување на магистерскиот труд кој се однесува на улогата или позицијата на религијата во мирни и конфликтни ситуации низ призмата на две држави Република Босна и Херцеговина и Република Северна Македонија, е истражен преку присутноста на религиозниот концепт во конфликтот, учесниците и формите преку кои се изразуваат, како и позицијата на меѓународниот фактор во конфликтни и постконфликтни ситуации.

Религијата е колку статична толку и динамична компонента на општеството. Како што се менуваат општеството и поединецот така и религијата регистрира промени (не се мисли на промени во религиозните основи и верувања), туку во однос на тоа, како што констатираат функционалистите, што прави таа за поединците. На пример, дали се поврзува со нивниот идентитет и дали ја нуди рамката на моралното однесување; какво е нејзиното влијание врз законитоста и врз воспоставување на правниот поредок во современите општества.

Имено, религијата претставува систем на верувања и вредности организирано поврзани во однос на одредено натприродно божество, преку кое се изразува апсолутната вистина. Во овој след, религијата се одредува како концептуална рамка, а во исто време и морална рамка за разбирање и одредување на животите на поединците.

Растечкиот интерес за религијата, но и сè присутниот концепт за секуларизација, изразува една друга димензија и интерес за религијата. Тој концепт поентира дека не е доволно да се разгледува само концептот на организираноста и колективните форми на религијата, туку дека треба да се земе предвид и улогата на индивидуалните и субјективните искуства, поточно таканаречената невидлива страна на религијата.

Наизменичното ширење на секуларизацијата и ревитализацијата на религијата во временски краток период ја обележаа современата историска сцена на светот. Јакнењето на еден феномен како да беше импулс за повторно оживување на другиот.

Според голем број теоретичари, минатиот век беше во исто време и најсекуларизираниот и најрелигиозниот. Всушност токму процесот на општествената, економската и културната модернизација, за кој многумина претпоставуваа дека ќе го забрза крајот на религијата, доведе до нејзина ревитализација. Како што истакнува Кубуриќ, преку ентузијазмот на модернизациските процеси спласна вековната човечка потреба за сигурност, ред и хармонија на животот.

Вклучување на религијата во конфликтот не прави разлика дали станува збор за домашен или меѓународен конфликт.

Религијата е насочена кон апсолутно и безусловно разбирање на нештата. Религијата сама по себе подразбира толеранција, како и религиски дијалог и соработка. Како што истакнува Матевски, толеранцијата е дозволено отстапување од сопствените религиски убедувања. Во таа смисла, сосема е исправно да се отворат прашањата за тоа на кој начин религијата е составен дел од конфликтите.

Како првично објаснување се наметнува фактот дека станува збор за манипулација на религиските чувства на верниците. Религијата пред сè има моќ на влијание кон своите следбеници, и така има можности да го акцелерира конфликтот, дури и да го предизвика. Заинтересираните страни за отворање и развивање конфликт го знаат тоа и во еден специфичен контекст го ставаат во функција нејзиното влијание.

Верскиот тероризам и фундаментализам се појави што се шират во современиот свет. Фундаментализмот пласира идеја дека конкретната вера и

верски убедувања се загрозени и дека треба да се бранат. Во основа верскиот тероризам се случува во земји кои се нестабилни и без влади со интегритет. Тоа се плодни предуслови да се пласира нестабилност, како и да се создаваат можности да се прифатат тезите за загрозена безбедност. Чувството на загрозеност овозможува дејствување на милитантни групи во меѓународни рамки, како, на пример, Ал Каеда. На овој начин религијата отстапува од своето оригинално значење, а тоа е верба, толеранција и почит кон религиски другиот.

Реално е да се истакне дека еден од позначајните проблеми кои го окупираат вниманието на религиската, политичката и научната елита кон крајот на XX и XXI век се конфликтите. Во таа смисла и терминот „ставање крај на конфликтите" станува поактуелен.

Кога религијата и верските претставници се вклучуваат во намерата за воспоставување и одржување на мирот - „религиозни миротворци", тоа е овозможено врз основа на веќе воспоставени односи на национално и меѓународно рамниште и можноста да го користат своето влијание за истакнување на идејата за мир и стабилност.

Како форми низ кои се изразува присуството на религијата преку свои активности додека трае конфликтот, потоа нејзиното влијание во соработка со секуларните невладини организации, учеството во процесот на преговарање, како и стекнување компетенции за градење мир и нивно имплементирање во заедницата. На овој начин верските организации и лидери даваат емоционална и духовна поддршка на својата заедница во услови на конфликт. „Религиозните миротворци" се насочени кон подобрување на односите во заедницата, но и создавање и поттикнување на развој на мирни и конструктивни односи помеѓу страните кои претходно биле во конфликт.

Теоријата на меѓународните односи за религијата разликува два правца – едниот е издвојување на надворешната политика (а со тоа и на религијата од меѓународните односи), а вториот е насочен кон доминацијата на западната култура која е окарактеризирана како евроцентрична.

Теоретската литература на меѓународните односи и религијата ја дефинира како *затворена во одредени димензии и ограничена во одредени улоги.* Меѓутоа

настаните од 11.9.2001 година и нападот на кулите близначки во Њујорк ја оживеа улогата на религијата и во областа на меѓународните односи.

Врз основа на достапната литература, магистерскиот труд издвојува два правца кои ја димензионираат позицијата на религијата во меѓународните односи. Првиот е фактот дека и надворешната политика се издвојува од мноштвото на фактори, па со тоа и религијата. Вториот е фактот дека западната култура како евроцентрична е доминантна при истражување на религијата.

Религијата има потенцијали за влијание на различни аспекти, па и на конфликтите, според анализите на Џонатан Фох. Тоа се легитимноста со оглед на бројот на следбеници. Погледите на религијата кон светот лесно се трансферираат кон своите следбеници, па така религијата може да биде мост, акцелератор за остварување на конкретните идеи и ставови. Понатаму локалните религиозни конфликти се и меѓународна тема, и тоа се остварува преку хуманитарните акции, форуми и слично.

Последниот дел од магистерскиот труд ги сумира размислувањата по однос на истражувачката појава и предметот,

Врз основа на претходните наоди и споредбата помеѓу Босна и Херцеговина и Северна Македонија во однос на религија - конфликт и религија - мир може да се изведат одредени сличности и различности.

Споредбената анализа изведена врз основа на интерпретативниот метод укажува дека религијата може да биде фактор кој може да го интензивира конфликтот. Тој процес не е автоматски, туку се потребни предуслови кои се поврзуваат со актерите кои се вклучени и од симболите кои се користат, од улогата на религиите, како и други фактори кои може да се надополнат како резултат на дополнителни истражувања.

Во случајот на Босна и Херцеговина, религијата е активен чинител, но не и директен фактор за војната. Мислењата и анализите се наклонети кон тоа дека била политички изманипулирана. Ова е особено важно ако се знае и фактот дека религиската припадност се идентификува и со националната припадност. Во воени услови религијата била политички артикулирана. Во повоените услови процесите на помирување се движат бавно, особено што верскиот и националниот идентитет

се совпаѓаат и создаваат услови за поизразена нетолеранција и поизразена религиозна поделеност во повоениот период.

Според анализите, пристапот на Холенстејн не е потврден во анализираните студии на случај, односно религијата не ја злоупотребува својата моќ во контекст на правата на човекот.

Терминот кој го дефинира Аплбеј, а тоа е „религиозни миротворци“, кој го користи во постконфликтниот, односно поствоениот период, во двете држави не се најдени.

Во Босна и Херцеговина се констатира дека религиските уверувања претставуваат основа за национални проекти, улогата на лидерите во рамките на новите конкретни активности не е јасно одредена, и во таа смисла е отворено прашањето како да се вклучи религијата во рамките на конкретните политички релации.

Во Северна Македонија религијата се вклучува во постконфликтниот период и нивната активност е присутна на основно ниво преку дејствување на проекти кои се остваруваат во партнерски односи со невалидниот сектор.

Заедничко за двете држави е тоа што е силна позицијата на меѓународната заедница, како во процесот на финализирање на военото насилство така и потоа, и тоа низ форми на постконфликтни програми, хуманитарни активности и соработка со невладините организации.

За разлика од Босна и Херцеговина, во Македонија не е идентификуван сериозен интегрален пристап во насока на помирување и социјална правда.

Заеднички именител за двете држави е меѓународниот фактор кој се смета за фактор на одржување на мирот.

Заклучните сознанија добиени од магистерскиот труд, а кои се однесуваат на религијата и нејзината улога во конфликт, отвораат основа за нови истражувачки потфати во иднина.

## Користена литература


Abazović Dino, 2014. Reconciliation, Ethnopolitics and Religion in Bosnia-Herzegovina, во *Post-Yugoslavia New Cultural and Political Perspectives* (New York: Palgrave Macmillan. 35–56.

Adogame, Afe. 2010. Pentecostal and Charismatic Movements во Global Per-spective. *The New Blackwell Companion to the Sociology of Religion* (ed. B. S. Turner). Oxford: Blackwell Publishing, 498-517

Aldridge, Alan, 2007. *Religion in the Contemporary World*. Cambridge: Polity Press.

Alkin, Can Ruhi, 2014. A Critical Analysis on the Concept of Religion in Dominant Social Sciences Literature: An Investigation on Modern and Late Modern Period, An International Journal of Philosophy ISSN: 1303-8303 Volume 4 Issue 1 June 2014

Appleby, R. Scott. 2000 The Ambivalence of the Sacred: Religion, Violence and Reconciliation. (Lanham, MD: Rowman and Littlefield).

Appleby, R. Scott. 2015. "Religious Violence: The Strong, the Weak, and the Pathological." In *The Oxford Handbook of Religion, Conflict, and Peacebuilding*, 33–60. Oxford: Oxford University Press,

Asad, Talal. 2003. *Formations of the Secular*. Stanford, CA: Stanford University Press.

Ahsan, Seraj. 2022. Role of religion in peacebuilding and conflict resolution: case study of Islam. *Reality of Politics*, *22*, 7–27.

Bardos, N, Gordon. 2013. Iran in the Balkans. World Affairs, 175(5), 59–66. http://search.ebscohost.com/login.aspx?direct=true&db=asn&AN=84418349&site=ehostlive

Barlovac, Bojana. 2011. Turkey Mediates Between Serbia's Battling Muslims. https://balkaninsight.com/2011/10/17/turkey-to-reconcile-two-serbian-islamiccommunities/

Bataille, Georges. 1992. *Theory of Religion.* New York: Zone.

Beyer, Peter. 2000. Religion and Globalization. London: Sage Publications LTD

Beyer, Peter. 2014. Religion in the Context of Globalization Essays on Concept, Form, and Political Implication. London: Routledge

Bešić, Miloš i Đukanović, Borislav. 2000. *Bogovi i ljudi religioznost u Crnoj gori*. Podgorica: Socen\

Bieber, Florian, Galijaš, Armina., & Archer, Rory. 2016. *Debating the End of Yugoslavia.* Routledge.

Birnbaum, Michael. 2013. Turkey brings a gentle version of the Ottoman empire back to the Balkans | World news | The Guardian. https://www.theguardian.com/world/2013/apr/02/bosnia-turkey-ottoman-influencebalkans-sarajevo

Божиновски, Владимири и Николовски, Марјан. 20 Употреба на религиите по вполитичките кампањи. Фондација Конрад Аденауер, претставништво во Република Северна Македонија Институт за Политички истражувања-Скопје „Религија.мк" Молитвеник за информации https://www.kas.de/documents/281657/281706/Use+of+Religion+in+Political+Campaigns.pdf/6e9466f3-ce39-dd4f-050b-c0ca529e0e88?version=1.0&t=1596105101154

Bonomi, Mateo, & Reljic, Dušan. 2017. The EU and the Western Balkans: So Near and Yet So Far. https://www.swp-berlin.org/en/publication/the-eu-and-the-westernbalkans-so-near-and-yet-so-far/

Bouta, Tsjeard., Kadayifci-Orellana, S. & Abu-Nimer, Mohammed. 2005. Faith-Based Peace-Building:Mapping and Analysis of Christian, Muslim and Multi-Faith Actors (The Hague, Netherlands: Institute of International Relations).

Bringa, Tone R. 1995. *Being Muslim the Bosnian Way: Identity and Community in a Central Bosnian Village*. Princeton, New Yersey: Princeton University Press.

Burke, Jasen. 2004. Al-Qaeda: The True Story of Radical Islam (Harmondsworth: Penguin).

Vasovic, Aleksandar.2018. Western Balkans arms exports exceed 500 million euros in 2016 - report. Reuters. https://uk.reuters.com/article/uk-serbia-armsidUKKBN1JW1G5

Galtung, Johan. 2014. Peace, Conflict and Violence во Hintjens, Helen & Zarkov, Dubravka. (eds.). *Conflict, Peace, Security and Development: Theories and Methodologies.* London: Routledge. https://www.researchgate.net/publication/280804802_Conflict_Peace_Security_and_Development_Theories_and_Methodologies_Edited_Book_co-edited_with_Dubrakva_Zarkov

Galeotti, Mark. 2018. Do the Western Balkans face a coming Russian storm? https://www.ecfr.eu/publications/summary/do_the_western_balkans_face_a_coming_russian_storm

Garfinkel Reme, 2004 What works? Evaluuating interfaith dialogue programs, USIP https://www.usip.org/publications/2004/07/what-works-evaluating-interfaith-dialogue-programs) Garfinkel's 2004 report

Georgievski, Boris. 2017. Could Balkan nations become the new hotbeds of Islamist extremism? | DW | https://www.dw.com/en/could-balkan-nationsbecome-the-new-hotbeds-of-islamist-extremism/a-39045256

Gerc, Kliford .1973. The Interpretation of Cultures: Selected Essays, New York, Basic Books. Giddens Anthony. 2006. *Sociology* Polity Press Cambridge

Gopin, Marc. (2000) Between Eden and Armageddon: The Future of World Religions, Violence and Peacemaking (New York & London: Oxford University Press).

Gopin, Marc. (2005) World religions, violence, and myths of peace in international relations, во: G. ter Haar & J. Busutill (Eds) Bridge or Barrier. Religion, Violence and Visions for Peace, pp. 35–56 (Leiden: Brill).

Davie, Grace. 2007. *The Sociology of Religion*. London: Sage.

Dark, K. R. (ed) 2000. Religion and Intternational relations, Palgrave Macmillian London

Даскаловски, Синиша. 2001. *Кризата во Македонија 2001: внатрешен вооружен конфликт или војна?* Во Годишен зборник на Филозфски факултет, Стр, 551-566

Ellis, Syephen. & ter Haar, Gerrie. 2005. Religion and development in Africa. Background paper prepared for the Commission for Africa

Zotova, Ana Zorica Kuburić, Zlatiborka Popov Momčinović,Marko-Antonio Brkić, George Wilkes . 2021. Izgradnja povjerenja i pomirenja u Bosni i Hercegovini:različite perspektive CEIR – Predstavništvo Centra za empirijska istraživanja religije u Bosni i Hercegovini, Sarajevo, i Univerzitet u Edinburgu, Projekt RELWAR.

Johnston, Douglas. (ed.). 2003. *Faith-Based Diplomacy Trumping Realpolitik*, Oxford: Oxford University Press

Juergensmeyer, Mark. 2005. Religion in the New Global Order. http://www.maxwell.syr.edu/moynihan/programs/sac/paper%20pdfs/marks%20paper.pdf

Kelman, C. Herbert. 2006. Interests, relationships, identities: Three central issues for individuals and groups in negotiating their social environment. *Annual Review of Psychology, 57,* 1–26. https://doi.org/10.1146/annurev.psych.57.102904.190156

Kivimäki, Timo, Kramer, Marina & Pasch, Paul. 2012, *Peace and Conflict Impact Assessment of Bosnia and Herzegovina.* vol. 2012, Friedrich Ebert Stiftung, Berlin. http://library.fes.de/pdf-files/bueros/sarajevo/09418.pdf

Kriesberg, Louis, 2004. Transforming Intractable Conflicts" Program for the Advancement of Research on Conflict and Collaboration. 13. https://surface.syr.edu/parcc/13

Кубурић, Зорица и Стојковић, Ненад. 2004: *Религијски селф у трансформацији*, Београд: Институт друштвених наука

Krstic, Branislav & Bytyci, Fatos. 2011. Tensions persist in Kosovo, NATO maintains presence - Reuters. https://www.reuters.com/articl

Kuburić, Zorica & Zotova, Ana. 2021. The role of religion in the process of reconciliation in Bosnia and Herzegovina: an empirical research, R*eligious dialogue and cooperation* 2:79-87

Kurien, Prema. 2006. Multiculturalism and 'American' Religion: The Case of Hindu Indian Americans. *Social Forces,* 85 (2), 723-741.

Liamputtong, Pranee. 2020. *Qualitative Research Methods*. 5th ed. Docklands, VIC: Oxford University PressAustralia

Lederach John Paul 2015 Preparing For Peace: Conflict Transformation Across Cultures, Syracuse University Press

Lederach, Building Peace, 2002, "Where Do I fit In?" во A Handbook of International Peacebuilding: Into the Eye of the Storm, eds. John P. Lederach and Janice M. Jenner (San Francisco: Jossey-Bass, 38-42),

Mandaville, Peter. and Silvestri, Sara. 2015. Integrating Religious Engagement into Diplomacy. *Issues in Governance Studies* 67. [Online]: www. brookings.edu/ ~/media/research/files/papers/2015/01/29-religious-engagementdiplomacy-mandaville-silvestri/issuesingovstudiesmandavillesilvestriefinal.pdf

Marusic, S. Jakov. 2010. Report: Saudis Fund Radical Islam Balkans. https://balkaninsight.com/2010/03/29/report-saudis-fund-radical-islam-inbalkans/

Matevski, Zoran.2012. *The culture of peace as a precondition of the Euro-Atlantic perspectives of the Balkan region.* In Proceedings from the International scientific conference: Security and Euroatlantic Perspectives of the Balkans. Ohrid: University St. Kliment Ohridski, стр. 106 – 113

Matevski, Zoran. 2016. Religion and Intercultural Dialog: From Religious Tolerance to Religious terrorism *(book chapter). International Relations and Conflict Resolution* (edited by Lidija Georgieva). Skopje: Faculty of Philosophy

Матевска, Душка. 2021. *Религиски системи*, УКИМ, Скопје.

Matevski, Zoran ed. 2021 *The role of religion in peace and conflict.* Cambridge Scholar Publishing

Mojzes Paul, 2011. *Balkan Genocides: Holocaust and Ethnic Cleansing in the Twentieth Century* (Plymouth, UK: Rowman & Littlefield Publishers, Inc., 2011), 163;

McKinnon, Andrew. 2010. The Sociology of Religion: The Foundations. *The New Blackwell Companion to the Sociology of Religion* (ed. B. S. Turner). Oxford: Blackwell Publishing, 33-51.

Nielsen, Donald. (1999). Three Faces of God: Society, Religion, and the Categories of Totality *in the Philosophy of Émile Durkheim.* New York: State University of New York Press.

Obadia, Lionel. 2010) Globalization and the Sociology of Religion. *The New Blackwell Companion to the Sociology of Religion* (ed. B. S. Turner). Oxford: Blackwell Publishing, 477-496.

Omerović Neida, 2017. The role of religious leaders in the process of reconciliation in Bosnia and Herzegovina: the case of Bosnian imams, Ibn Haldun University Alliance Of Civilizations Institute Department Of Civilization Studies, Istanbul, https://core.ac.uk/download/pdf/197623883.pdf

Pancevski, Bojan. 2010. Saudis fund Balkan Muslims spreading hate of the West | The Sunday Times. R https://www.thetimes.co.uk/article/saudis-fund-balkanmuslims-spreading-hate-of-the-west-mdmz2lv8w0r

Patterson, Ernest. 2013. *Bosnia: Ethno-Religious Nationalisms in Conflict*. Religion and Conflict Case Studies Series, Berkley Center for Religion, Peace and World Affairs, Georgetown University. http://repository.berkleycenter. eorgetown.edu/130801BCBosniaEthnoReligiousNationalismsConflict.pdf

Perry, Valery. 2009. "A Survey of Reconciliation Processes in Bosnia and Herzegovina: The Gap Between People and Politics," in *Reconciliation(s): Transitional Justice in Postconflict Societies* (Montreal: McGill Queen's University Press, 2009), 207 – 231.

Poposka, Biljana, Ristoska, Zhaneta. 2015. Process of reconciliation in a post conflict Macedonia во Academicus – International Scientific Journals, Vol. 6 Issue 16 63-74.

Pruitt, Sarah. (2018). How the Treaty of Versailles and German Guilt Led to World War II. from https://www.history.com/news/treaty-of-versailles-world-war-ii-german-guilteffects

Philpott Daniel. 2007. What Religion Brings to the Politics of Transitional Justice, *Journal of International Affairs* Vol. 61, no. No. 1: 101–112

Philpott, Daniel. 2012. *Just and Unjust Peace*. Oxford: Oxford University Press, 2012

Rakic, Marko., & Jurisic, Dragisa. 2012. Wahhabism as a Militant Form of Islam on Europe's Doorstep. Studies in Conflict & Terrorism, 35(9), 650–663. https://doi.org/10.1080/1057610X.2012.70267

Раст, Мануел, Ланге, Ралф, Кржаловски, Александар, Адеми, Висар, Костов, Зоран. 2003. Проценка на реинтеграцијата на раселените лица и ревитализација на регионите погодени од конфликтот во Македонија. МЦМС и ФАКТ. https://mcms.mk/images/docs/2004/procenka-na-reintegracija-i-revitalizacija-2003.pdf

Roof, W. Clark. (2009). *Spiritual Market Place: Baby Boomers and the Remaking of Ameri-can Religion*. Princeton: Princeton University Press.

Rrustemi, Arlinda, de Wijk Rob, Dunlop Connor, Perovska Jovana, Palushi Lirije. 2019. Geopolitical Influences of External Powers, *Western Balkan The Hag Centre for Strategic Studies* https://hcss.nl/wp-content/uploads/2021/01/Geopolitical-Influences-of-External-Powers-in-the-Western-Balkans_0.pdf

Russett, B., Layne, C., Spiro, D. E., & Doyle, M. W. (1995). The Democratic Peace. International Security, 19(4), 164–184. https://doi.org/10.2307/2539124

Svensson, Isak. 2007. Fighting with Faith: Religion and Conflict Resolution in Civil Wars. *The Journal of Conflict Resolution* 51(6): 930–949.

Silvestri Sara, Mayal, James. 2015. The Role of Religion in Conflict and Peacebuilding, THE BRITISH ACADEMY 10 –11 Carlton House Terrace

Skidmore, Monique 2007. Introduction’. In Skidmore, Moniques. and Lawrence, Patricia. (eds.) Women and the Contested State. Religion, Violence, and Agency in South and Southeast Asia. Notre Dame, Indiana: University of Notre Dame Press.

Skoko, Bozo. 2010 What Croats, Bosniaks and Serbs Think of Each Other and What do They Think About BH’ www.bozoskoko.com/en/news/commentaries/what-croats-bosniaks-and-serbs-thinkeach-other-and-what-do-they-think-about-bh

Steele, David. 2011 *A Manual to Facilitate Conversations on Religious Peacebuilding and Reconciliation*. Washington, DC: United States Institute of Peace Press.

Shepard, Wade. 2016) A Look At Abu Dhabi’s “Bad Joke”: The Belgrade Waterfront Project. https://www.forbes.com/sites/wadeshepard/2016/12/08/inside-abu-dhabisbad-joke-the-belgrade-waterfront-project/

Scmok, David. (Ed.). 2006. Religious Contributions to Peacemaking. When Religion brings Peace, not War (Washington, DC: United States Institute of Peace).

Taylor, Charles. 2007. *A Secular Age*. Cambridge, MA: Belknap Press

Теговска Марија и Петкуќесја Ивана. 2011. *Меѓурелигиски дијалог во републикаМакедонија теренско истражување за ставовите и перцепциите на граѓаните.* Инститѕт за демократија, Репринт Скопје

Трајановски, Наум. 2022. Сеќавање на оруженоит конфликт во Македонија 2001 година: модели на комеморирање и меморијализација, Фонд за џуманитантро право Београд.

Thomas, Scott 2005. *The Global Resurgence of Religion and the Transformation of International Relations*. Basigstoke: Palgrave.

Ćimić, Esad.1994. Bosanska Raskrižja. *Društvena Istraživanja : Journal for General Social Issues* Vol. 3, no. No. 6: 611–28.

UNFPA. 2015. *Religion and Development Post* 2015. New York: UNFPA. [Online] www.unfpa.org/publications/religion-and-development-post2015https://www.kovz.gov.mk/content/akti/strateski%20plan/%D0%A1%D1%82%D1%80%D0%B0%D1%82%D0%B5%D1%88%D0%BA%D0%B8%20%D0%BF%D0%BB%D0%B0%D0%BD%202023-2025%20%20.%20%20..pdf.

USAID, 2020. 2020 Evidence Summit on Strategic Religious Engagement ( https://www.usaid.gov/faith-and-opportunity-initiatives/2020-evidence-summit-strategic-religious-engagement#:~: text=On%20October%205%2D8th%2C%202020ocus%20on%20religion%20in%20development).

Fadli, Ali 2018, Qatar’s Soft Power Is Alive and Well. https://www.washingtoninstitute.org/policy-analysis/view/qatars-soft-power-is-aliveand-well

Flere Sergej, 2012. “Was the Bosnian War a Full Fledged Religious War...?,” in *Demitologizacija Religijskih Narativa Na Balkanu: Uloga Religija U (Post)Konfliktnom Društvu I Procesima Pomirenja* (Novi Sad: Centar za istraživanje religije, politike i društva, 2012), 19. 7 Lenard Cohen, “Bosnia’s ‘Tribal Gods’: The Role of Religion

Fox, Jonathan. 2003. **Religion as an Overlooked** Element of International **Relations** May 2003 International Studies Review 3(3):53 - 73

Fox, Jonathan., & Sandler, Shmuel. (2004). *Bringing Religion into International Relations*. Palgrave Macmillan US.

Fox, Jonathan. 2018) *An Introduction to Religion and Politics: Theory and Practice* (2nd ed.). Routledge.

Habermas, Jurgen. 2006. Religion in the Public Sphere. *European Journal of Philosophy*, 14 (1), 1-25.

Hamid, Shadi., & Mandaville, Peter. 2018. Islam as statecraft: How governments use religion in foreign policy. https://www.brookings.edu/research/islam-as-statecraft-how-governments-use-religionin-foreign-policy/

Hartwell, Christofer & Sildo, Katarzyna. 2017. Serbia's cooperation with China, the European Union, Russia and the United States of America - Think Tank. xttp://www.europarl.europa.eu/thinktank/en/document.html?reference=EXPO_STU(20 17)603854

Huntington Samuel. *The Clash of Civilizations and the Remaking of the World Order*, New York, Simon and Schuster, 1996. For a review of the debate over this theory, see J. Fox, *Religion, Civilization and Civil War: 1945 Through the New Millennium*, Lanham, MD, Lexington Books, 2004, p. 155-174.

Haynes, Jefrey. 2013. *An Introduction to International Relations and Religion* (2nd ed.). Routledge.

Haynes, Jefrey. 2021. Religion and International Relations: What Do We Know and How Do We Know It? *Religions*, *12*(5), 328. https://doi.org/10.3390/REL12050328 Hill, C. (2013) The National Interest in Question. Foreign Policy in Multicultural Societies. Cambridge: Cambridge University Press.

Huntington, Samuel. 1996. The Clash of Civilizations (New York: Simon and Schuster)

Holenstein, Aanne-Marie. 2006. Governmental donor agencies and faith-based organisations, in: Proceedings of the Workshop, Religion, Politics, Conflict and Humanitarian Action. Faithbased Organisations as Political, Humanitarian or Religious Actors, 18–19 May 2005, 75–81 (Geneva: Graduate Institute of International Studies

Howard, Russel. & Sawyer, Reld. (Eds) 2004. Defeating Terrorism. Shaping the New Security Environment (Guilford, CT: McGraw-Hill/Dushkin).

Carrette, Jeremy. (2004). Religion and Mestrovic's Postemotional Society: The Manu-facturing of Religious Emotion. *Religion*, 34 (4), 271-289.

Casanova, Jose. 1994. *Public Religions in the Modern World.* Chicago: University of Chicago Press.

Crim Keith R. , Bullard Roger Aubrey , Shinn Larry D. , L Miočinović jiljana , Jevtić Atanasije Enciklopedija živih religija . 2004. Nolit, Beograd.

Cortell Andrew P. and Davis James W. 2000. "Understanding the Impact of International Norms: A Research Agenda," *International Studies Review* 2, No. 1.

Cohen, J. Philip. 1996. Serbia's Secret War: Propaganda and the Deceit of History. Texas A&M University Press.

ChrzováChrzová, Barbora., Grabovac, Anja., Hála, Martin., & Lalić, Jan. 2019. Western Balkans at the Crossroads: Assessing Influences of Non-Western External Actors, 96. chrome-extension://efaidnbmnnnibpcajpcglclefindmkaj/https://cens.ceu.edu/sites/cens.ceu.edu/files/attachment/article/813/publicationwesternbalkansatthecrossroadsfinal1.pdf

Wiesner Claudia . 2022. Doing qualitative and interpretative research: reflectingprinciples and principled challenges POLITICAL RESEARCH EXCHANGE2022, VOL. 4, 2127372https://doi.org/10.1080/2474736X.2022.212737

Wilkes, Geopre., Zotova, A., Kuburić, Ana, Z., Andrejc, Gorazd., Kuburić, Zorica, Brkić, Marko, Antonio, Jusić, Mohamed., Popov Momčinović, Zagorka. 2012. Pomirenje i izgradnja povjerenja u Bosni i Hercegovini Ispitivanje javnih stavova u četiri grada i regiona – Banja Luka, Bugojno, Mostar i Sarajevo –

Wilkes, G., Zotova, A., Kuburić, Z., Andrejc, G., Brkić, M.-A., Jusić, M., Popov Momčinović, Z., & Marko, D. 2013. . *Factors in Reconciliation: Religion, Local Conditions, People and Trust: Results from a Survey Conducted in 13 Cities across Bosnia and Herzegovina in May 2013*. (Diskursi). Centar za Empirijska Istraživanja Religije.

Wilmer Franke. 1993. T*he Indigenous Voice in World Politics*, Newbury Park, CA, Sage.

Wilson, B. 1998. The Secularization Thesis: Criticisms and Rebut-tals. *Secularization and Social Integration: Papers in Honour of Karel Dob-belaere* (eds. R. Laermans & B. Wilson). Leuven: Leuven University Press, 45-66.